# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018 -2025

**февруари 2026 година**

# 1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Извештајот за спроведување на Акцискиот план 2018-2025 година, за периодот јануари-декември 2025 г., е подготвен согласно новото Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/2022 од 30.5.2022г.) Извештајот содржи резиме на постигнати резултати, и преглед на постигнати резултати/индикатори во однос на посебните цели, предизвици и ризици во текот на спроведувањето на акцискиот план.

Реализираните активности во текот на 2025 година придонесуваат за исполнување на утврдените индикатори согласно Акцискиот план. Дел од предвидените индикатори се постигнати/исполнети пред утврдениот рок, но кај дел од индикаторите има пролонгирање на роковите за имплементација.

Врз основа на Концепцијата за основно образование (и измената од 2024 година) донесени се новите наставни програми за осмо одделение кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година. Дигитализацијата останува приоритет. Опремени се дополнителни 42 основни училишта со мрежна опрема и 41 училишта со дигитална опрема. Ставен е во употреба новиот ЕМИС систем. Во насока на системско обезбедување на образование на малолетните деца сместени во воспитно-поправните домови, донесени се измени на Законот за основно образование, а основното општинско училиште „Антон Семјонович Макаренко" Скопје стана државно училиште, преку кое се спроведува наставата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, финансирано од буџетот на МОН. Донесен е Наставен план за основно образование на возрасни/казнено поправните установи и Наставен план за основно образование во воспитно-поправните установи. Донесени се вкупно 18 програми за образование на возрасни/казнено поправните установи (девет програми) и за основно образование во воспитно-поправните установи (девет програми). Зголемен е бројот на образовни асистенти во основно образование.

Во делот на средно образование донесени се измени и дополнувања на Законот за средно образование со кои за прв пат се уредува инклузијата на учениците со попреченост во редовните училишта и поддршката преку ангажирање на образовни асистенти, постапката за кариерно советување и определување на кариерен советник, ученичкото организирање, постапката за ангажирање на медијатори за ученици Роми и сл. Изработена е предлог Концепција за гимназиско образование за која во тек е јавна расправа. Од учебната 2025/2026 започнаа да се применуваат новите наставни програми за прва година гимнаиско образование. Успешно се спроведува реформата на стручното образование, и оваа година

уписната политика беше координирана со локалните заедници и работодавачите. Изработен е нов предлог Закон за високото образование, Закон за квалитет во високото образование и науката и Закон за научно-истражувачката дејност за кои е започната сеопфатна јавна расправа. Од страна на Владата усвоени се новите Уредби за финансирање на основното и средното образование согласно новата методологија. Во делот на образование на возрасни, усвоен е нов Закон и сите подзаконски акти со кои се уредува постапката за валидација на неформалното образование и учење. Потребни се дополнителни напори за зголемување на буџетските средства за финансирање на образованието за возрасни.

Треба да се земе предвид и фактот дека станува збор за периодичен извештај кој се однесува на една календарска година, па оттаму и оценката за постигнувањето на приоритетните цели е периодична.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

### 2.1. ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Постигнати резултати/исходи во 2025 година од спроведување на мерките и активности од Столб 1:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Солб 1 „Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на предучилишното образование"** , предвидени се 4 мерки со рок на реализација до 2025 година:

1. Ревидирање на Програмата за рано учење и развој
   **Индикатори:** *Одобрена Програма за рано учење и развој во предучилишно образование којашто ги исполнува барањата на Стандардите за рано учење и развој; Подготвени прирачници за реализирање на Програмата за рано учење и развој; Програмата за рано учење и развој пилотирана и постепено воведена во најмалку 10 градинки*

Во текот на 2025 година канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, распиша конкурс за ангажирање на меѓународен експерт за изработка на новата Програма за рано учење и развој, како и за ангажирање на национални експерти кои ќе учествуваат во процесот на нејзина подготовка. Врз основа на направениот избор, во месец декември 2025, Бирото за развој на образованието формираше мултисекторска работна група за изработка на нова Програма и стандарди за рано учење и развој. Работната група, покрај советниците од Бирото за развој на образованието, вклучува претставник од Министерството за социјална политика демографија и млади, како и универзитетски професори од сите педагошки факултети во државата.

Исто така, во месец декември беше реализирана првата работилница за изработка на новата Програма, со учество на сите засегнати страни, со цел утврдување на приоритетите, насоките и методологијата за изработка на современа, инклузивна и квалитетна програма за рано учење и развој.

2. Оптимизирање на бројот на децата во групите
   **Индикатори:** *Отворени нови групи во градинките со поголем број деца од пропишаните норми; Отворени неопходните работни места и пополнети со нови вработувања на воспитувачи и негуватели; Бројот на деца по група не ги надминува нормите определени со легислативата*

Во 2025 година направена е промена на просторни услови во постоечки објект и се зголеми капацитетот за згрижување, воспитание и образование, за што обезбеден е и неопходниот кадар во:

- Општина Илинден - Доградба на објект и зголемен капацитет за 24 деца во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев“.
- Општина Дебар - Доградба на објект и зголемен капацитет за 64 деца во состав на ЈОУДГ ЈОУДГ „Брешиа“.
- Општина Гевгелија - Доградба на објект и зголемен капацитет за 142 деца во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев“.

3. Обезбедување на неопходните физички услови (простор, игрални и игралишта, мебел, спортска опрема итн.) на установите за деца
   **Индикатори:** *Спроведено целосно мапирање и попис на потребите на предучилишните установи; Целосно опремени 30% од јавните градинки согласно Стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца*

Нова јавна установа за деца - детска градинка:

- Нова јавна установа за деца - детска градинка „Фољеја“ со седиште во с. Пршовце општина Теарце за 147деца

Изградени се и опремени:

- Нов објект „Весели насмевки” во с. Анѓелци, во состав на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Прва радост“ во Василево, Општина Василево за 54 деца.
- Нов објект „Детелинки” во состав на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Павлина Велјанова“ во, Општина Кочани за 114 деца.
- Нов објект „Пролет“ во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Раде Ј. Корчагин“ во Општина Центар за 173 деца.
- Нов објект „Бамби“ во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Фидани“во Општина Чаир за 335 деца.

Реконструкција и адаптација:

- На објект „Пчеличка“ во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Мајски цвет“ во Општина Битола за 70 деца.

4. Обезбедување на неопходните дидактички материјали за градинките
   **Индикатори**: *Прифатени нормативите за дидактички материјали; Снабдени сите градинки со неопходните дидактички средства и материјали; Целосно опремени 30% од јавните градинки согласно Стандардите за рано учење и развој*

Министерството за социјална политика, демографија и млади и во текот на 2025 година продолжи со вложување и обезбедување во опрема и дидактички материјали во детските градинки.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Зголемување на опфатот на децата и подобрување на инклузивноста во предучилишното образование"**, предвидени се 3 мерки со рок на реализација до 2025 година:

1. Проширување на мрежата на предучилишните установи
   **Индикатори:** *40 нови установи во рурални и урбани средини во 40 градови/села; Опфатени околу 3000 деца*

Во 2025 година, се продолжи со зголемување на капацитетите на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, се со цел да се зголеми опфатот на деца во воспитно – образовниот процес.

Нова јавна установа за деца - детска градинка:
- Нова јавна установа за деца - детска градинка „Фољеја" со седиште во с. Пршовце општина Теарце за 147деца

Изградени се и опремени:
- Нов објект „Весели насмевки" во с. Анѓелци, во состав на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Прва радост" во Василево, Општина Василево за 54 деца.
- Нов објект „Детелинки" во состав на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Павлина Велјанова" во, Општина Кочани за 114 деца.
- Нов објект „Пролет" во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Раде Ј. Корчагин" во Општина Центар за 173 деца.
- Нов објект „Бамби" во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Фидани"во Општина Чаир за 335 деца.

Во 2025 година направена е промена на просторни услови (во постоечки објект и се зголеми капацитетот за згрижување), за што обезбеден е и неопходниот кадар:
- Општина Илинден - Доградба на објект и зголемен капацитет за 24 деца во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев".
- Општина Дебар - Доградба на објект и зголемен капацитет за 64 деца во состав на ЈОУДГ ЈОУДГ „Брешиа".
- Општина Гевгелија - Доградба на објект и зголемен капацитет за 142 деца во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев

Реконструкција и адаптација:

- На објект „Пчеличка“ во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Мајски цвет“ во Општина Битола за 70 деца.

**Во текот на 2025 година капацитетот во јавните установи за деца е зголемен за 1123 деца.**

Во 2025 година дадени се решенија на следните приватни установи за деца, детски градинки организирани како организациони единици:

Приватни установи за деца – детски градинки:

- ПУДГ „ФИЛОС-Литл Ленгуич Лернерс“ – Општина Центар нова приватна установа со капацитет за 37 деца.

Промена на просторни услови (во постоечки објекти):

- ПУДГ „Ујет“ во Општина Карпош, промена на седиште и капацитет за 25 деца.
- ПУДГ „Амици Клон 1“ во Општина Карпош, промена на просторни услови и капацитет за 40 деца.

Детски градинки организирани како организациони единици

- „МААРИФ КИНДЕРГАРТЕН – Брвеница“ организирана како организациона единица во состав на ПСУ „MAARIF INTERNATIONAL SCHOOLS за 80 деца.

**Во текот на 2025 година капацитетот во приватните установи е зголемен за 182 деца, односно во јавните и приватни установи за деца опфатот на деца е зголемен за вкупно 1305 деца.**

2. Приспособување на предучилишните установи за инклузивно образование
   **Индикатори:** *Воспоставени критериуми за избор на најмалку 20 инклузивни градинки; Целосно приспособени градбите на избраните градинки за децата со развојни потешкотии; Формирани стручни тимови во избраните градинки составени од предагог, психолог, специјален едукатор, логопед и социјален работник*

Преку Проектот за подобрување на социјалните услуги (финансиран со заем од Светска банка), за подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа, изготвена е Програма за родителство и менторство за деца Роми во социјален ризик. Програмата е финализирана во август 2025 година. Изготвен е и објавен ToR за избор на компанија за имплементација во декември 2025 година. Имплементацијата на програмата е планирана да започне во април 2026 година. Оваа иницијатива има за цел да обезбеди мост помеѓу семејствата во социјален ризик и националните системски напори за инклузија на ромските деца во градинките. Опфатот на задачата ги покрива општините Чаир, Битола, Виница, Тетово и Прилеп, со вкупно 100 деца (на возраст од 2–3 години и 3–6 години) и 100 родители.

3. Ревидирање на постојните и развивање на нови дидактички материјали за децата со развојни потешкотии
   **Индикатор:** *Подготвени дидактички материјали за најмалку три вида на развојни потешкотии на сите јазици застапени во градинките*

Во 10 градинки продолжи да се пилотира програмата за инклузија во рамки на која направена е програма за алтернативна аугментативна комуникација.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во предучилишните установи"** предвидени се 3 мерки со рок на реализација до 2025 година:

1. Подобрување на компетенциите на кандидатите за воспитувачи и негуватели
   **Индикатори:** *Реакредитирани студиски програми за воспитувачите; Акредитирани обуки за негувателите*

**Преку Проект за подобрување на социјалните услуги (финансиран со заем од Светска банка), Компонента 2:** Проширување на пристапот и подобрување на квалитетот на предучилишните услуги се работи и на системот за иницијално образование за воспитувачи за предучилишна возраст е изготвена Ситуациона анализа за иницијално образование како и Концепт за реформирање на системот со Акциски план и финансиска анализа. Доставена е и Предлог програма за промена на иницијално образование на воспитувачи. Целта на програмата е да се направи усогласување на основните предмети на кадарот/воспитувачите, усогласување на профилот и зголемување на часовите за пракса на студентите.

Во рамки на спроведување на активностите предвидени со Стратегијата за образование, во месец јануари 2025 година на Филозофски факултет - Институтот за педагогија е реализирана работна средба помеѓу Министерот за социјална политика демографија и млади, Деканите на сите четири Педагошки факултети, Деканот од Институтот за педагогија, академски професори од истите, претставници од Секторот за детска заштита од МСПДМ и релевантни институции. Целта на средбата беше, унапредување на иницијалното образование на воспитувачите, усогласување на студиските програми на Педагошките факултети и зајакнување на практичната настава како дел од реформите од образовниот систем и важен чекор во реализација на стратешките цели за подобрување на квалитетот на образованието и развој на современ профил на воспитувачи, во согласност со целите на националните образовни политики.

Клучни измени кои се предвидени со новата студиска програма за иницијално образование на воспитувачите:

- **Современи методолошки пристапи:** Новата програма ќе овозможи современи методи на образование, поголема изборност за студентите и квалитетна практична настава поддржана од ментори.
- **Унификација на програми:** Воведување заедничко јадро на клучни предмети на сите универзитети во РСМ, со цел да се зголеми усогласеноста на студиските програми и да се афирмира професијата воспитувач.
- **Практична Настава:** Програмата ја нагласува важноста на практичната настава, која е задолжителна од вториот семестар и трае до завршувањето на студиите. Праксата е структурирана во три фази: партиципативно набљудување, ко-практицирање и независно практицирање.

За да се обезбеди успешна имплементација на програмата, предложено е формирање на Координативно тело, составено од двајца професори и деканот од секој педагошки факултет .

2. Воведување и разработување на систем за професионален развој и напредување во кариерата за воспитувачите во предучилишните установи и останатите вработени
   **Индикатори:** *Воведен и разработен систем за професионален развој и напредување во кариерата; Усвоена програма за професионален развој на негувателите, воспитувачите, стручните служби и раководните лица; Даватели кои се акредитирани да даваат обуки за професионален развој на лицата вработени во предучилишните установи; Вклучени 50% од воспитувачите и негувателите во програми за професионален развој*

**Преку Проектот за подобрување на социјалните услуги (финансиран со заем од Светска банка) во рамки на Компонента 2, поткомпонента 2.2 „Обуки за развој на професионални компетенции на воспитувачите во установите за згрижување и воспитување на деца професионален развој на воспитувачите од предучилишна возраст",** во 2025 година продолжи имплементацијата на третиот модул со основна тема „*Околина на учење и инклузија",* за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и јакнење на професионалните компетенции на кадарот. Активностите опфатија организирање обуки, развој на методологии и поддршка на институциите во примената на современи образовни пристапи. Посебен фокус беше ставен на инклузивното образование и создавање подржувачка средина за учење, при што беа обучени вкупно 1567 учесници од кои 1384 воспитувачи и 183 стручни соработници и работници и директори во предучилишните установи. Реализираните активности придонесуваат кон подобрување на квалитетот на образвните услуги и постигнување на целите. Обуката „Инклузија и средина за учење" која беше за воспитувачите, стручните служби и директорите заврши во месец мај 2025 година.

Согласно Анализата на постојните документи како основа за развој на нова правна рамка за професионалниот и кариерниот развој од страна на експертскиот тим подготвена е законска рамка за регулирање на професионалниот и кариерниот развој на вработените во детски градинки преку проектот ИПА – 2017 „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа" (Raising the quality of pre-school education and care).
Главна цел на проектот е подобрување и подигнување на квалитетот на предучилишното воспитание и образование.

Активности предвидени со проектот се структурирани во 3 компоненти:
1. Модернизација на професионален и кариерен развој на вработените во предучилишните установи;
2. Ревизија на моделот на (ре) лиценцирање на вработените во предучилишните установи;
3. Зајакнување на вклученоста на родителите во предучилишното образование и грижа, особено за децата во ризик

Проектот заврши во текот на 2024 година.

3. Ревидирање на системот за издавање на лиценци на негувателите, воспитувачите, стручните работици, стручните соработници и раководните лица во предучилишните установи
   **Индикатори:** *Нов систем за лиценцирање којшто содржи ревидирани предуслови за поднесување барање за лиценца, изменета содржина и процедури на испитите за добивање лиценца и услови за суспендирање на лиценцата; 50% од вработените во предучилишните установи поминале низ новите процедури за добивање или продолжување на постојните лиценци*

Од стана на експертскиот тим подготвена е законска рамка за регулирање на професионалниот и кариерниот развој на вработените во детски градинки. Проектот заврши во текот на 2024 година.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со предучилишното воспитание и образование и зајакнување на соработката"**, предвидени се 2 мерки со рок на реализација 2020 година, но продолжија да се имплементираат и во 2025 година:

1. Воспоставување механизам за вистинско вклучување на семејството и заедницата во планирањето и спроведувањето на воспитно-образовната работа и управувањето со предучилишните установи
   **Индикатори:** *Спроведена анализа на функционалноста од вклучувањето на родителите во процесите за управување со образованието во предучилишните установи; Воспоставен оперативен механизам за вклучување на родителите и претставници од заедницата во процесите за управување со образованието во предучилишните установи; Одобрени насоки за спроведување на горенаведениот механизам*

Преку ИПА проектот „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа" се организираа и фокус групи со директори, членови на Управните одбори на детските градинки, како и со членови на Родителските совети за анализа на функционалноста на вклученоста на семејствата во работата и носењето одлуки во детските градинки. За мислење и коментари за овие теми беа прашани и различни претставници на локалните заедници, од општински институции кои работат со деца и семејства (институции за социјална заштита, здравствени институции, локални невладини организации итн.).

2. Зајакнување на соработката и градење партнерство со родителите преку предучилишниот образовен систем
   **Индикатори:** *Програма за подобрување на педагошката култура на родителите; Програма пилотирана во 10 градинки*

Во 10 градинки се пилотира програмата за вешто родителство, која ја спроведуваат 20 стручни работници од советувалиштата, кои беа обучени од тимот на Вешто родителство (Mellow Parenting) од Шкотска. Програмата за вешто родителство пред се им овозможува на

родителите да размислуваат за себе, и потоа за влијанието на изборите кои ги имаат направено врз нивната релација со детето. Истата програма се спроведува и преку психолозите од Националната линија за родителство. Досега се обучени над 100 родители на деца на возраст 0-5 години.

## 2.2. ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ)

**Постигнати резултати/исходи во 2025 година од спроведување на мерките и активности од Столб 2:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Столб 2 „Подобрување на содржината на основното образование"** , предвидени се 3 мерки со рок 2020 година, но истите се реализираа или продолжија етапно да се реализираат и во 2025 година:

1. Ревидирање на наставните планови и програми во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување во сите училишта
   **Индикатор:** *Ревидирани и одобрени наставни планови и програми за основно образование коишто ги исполнуваат барањата на Националниот стандард*

**Мерката етапно се имплементира (реализирана од прво до осмо одделение)**
Од страна на БРО изработени се нови наставни програми за седмо одделение и историја и општество за петто и шесто одделение усогласени со Националните стандарди за учениците во основното образование, и Стандардите за интеркултурно образование за секој период од основното образование. Наставните програми за седмо одделение ( и новите наставни програми по историја и општество за петто и шесто одделение) започнаа да се применуваат од учебната 2025/2026 година.

Во текот на месец јуни и почетокот на јули Бирото за развој на образованието реализираше обуки на наставниците од основното образование за Планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми за 7. одделение. Со обуките се опфатени наставниците од сите основни училишта во државата кои во учебната 2025/26 година реализираат настава во 7. одделение. Советниците при Бирото за секој наставен предмет одделно одржуваа обуки за планирање и реализирање на наставата согласно соодветната наставна програма, со особен акцент на сите новини што се однесуваат на концептот на наставните програми, планирањето на наставата и современите пристапи и методи на реализација на наставата согласно Концепцијата за основно образование.

Донесени се и нови наставните програми за осмо одделение (за сите предмети) усогласени со Националните стандарди за учениците во основното образование, и Стандардите за интеркултурно образование за секој период од основното образование, кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година.

2. Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и воннаставните активности според слободниот избор на учениците
   **Индикатор:** *Ревидирани и одобрени Програми за изборните предмети*

**Продолжи етапната примена (од четврто до седмо одделение)** на Водичот за слободни изборни предмети во основното образование, донесен во 2021 г. Согласно Концепцијата за основно образование, самото училиште прави листа на изборни предмети согласно интересите на учениците, со што се овозможува нивен слободен избор. Во 2025 година од страна на БРО изработен е Водич (концепт и насоки за реализација) за општествено – хуманитарна работа на учениците, наменет за учениците од седмо до деветто одделение, а се вовбедува етапно од седмо одделение. Спроведена е обука на сите предметни наставници во седмо оддление за воведување на Општествено-хуманитарна работа кај учениците од седмо одделение во второто полугодие од учебната 2025/2026 година. Општествено-хуманитарна работа кај учениците се воведува за прв пат согласно Концепцијата за основно образование.

3. Ревидирање на учебниците такашто ќе одразуваат родова еднаквост, почитување на различностите, мултикултурните и демократските вредности
   **Индикатор:** *Ревидирани учебници за сите предмети*

Донесен е нов Закон за учебници во основното и средното образование, усвоен на 28-та седница на Собранието (Објавен во Службен весник 3/2025 од 3.1.2025). Новиот закон обезбедува изработка на учебници со поквалитетна содржина, намалување на веројатноста за појава на грешки, и ја поедноставува постапката за набавка, со цел навремена испорака во училиштата.

Врз основа на Законот донесена е Концепција за изработка на учебници (утврдена со решение од министерката од 16.1.2025г.) и истата е објавена на веб страната на МОН и доставена до сите извадачки куќи. Од страна на МОН донесена е Методологија за вреднување на учебници со бр.18-5577/1 од 10.4.2025г. (имајќи предвид критериуми како родова еднаквост, почитување на различностите, мултикултурните и демократските вредности), изработена на предлог на БРО и ЦСОО.

На 45-та седница на Владата, одржана на 21.1.2025 донесена е Уредбата за утврдување на каталошка цена на учебник (согласно новиот Закон за учебници)

Донесени се следните подзаконски акти:
- Правилник за начинот на запишување во базата на рецензенти и начинот на работа на рецензенти (Службен весник бр.13 од 22/1/2025г.)
- Правилник за формата и содржината на Каталогот на одобрени учебници (Службен весник бр.13 од 22/1/2025г.)
- Правилник за начинот на одобрувањето на работна тетратка за употреба во училиштата и
- Правилник за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во основните и средните училишта (објавени на веб страната на МОН).

На 28.1.2025 објавен е Конкурс за нови учебници за седмо одделение, а на 31.1.2025 објавен е Конкурс за учебници по историја за петто, шесто и седмо одделение и македонски јазик за

седмо. Постапките се целосно завршени, изработени се нови учебници (согласно Концепцијата за учебници и Методологија за вреднување на учебници) кои се набавени и доставени до училиштата заклучно со 1 септември 2025г.

На 28.1.2025 објавен Јавен е повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на деветгодишно основно образование (од прво до деветто одделение). Постапките се целосно завршени, набавени се нови учебници кои се доставени до училиштата заклучно со 1 септември 2025г.

На 23.9.2025 објавен е Конкурсот за учебници за осмо одделение согласно новите наставни програми, кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и интеретничката интеграција во основното образование"** предвидени се 5 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2025 година:

1. Подобрување на условите и капацитетите на училиштата за инклузивно образование за децата со посебни образовни потреби
   **Исход:** *Училиштата се инклузивна средина за учениците со посебни образовни потребина кои им овозможуваат целосна поддршка*

За учебната 2025/2026 обезбедени се согласности за ангажирање на 1346 образовни асистенти. Во секое училиште каде што е запишан ученик со попреченост согласно препораките на Комисијата за МКФ, формиран е инклузивен тим за ученикот и изготвен е ИОП или модифицирана програма согласно потребата на ученикот.

Во учебната 2023/2024 обезбедени се 818 асистенти, во учебната 2024/2025 обезбедени се 1186 (од кои 200 во септември 2024 и 168 во февруари 2025). Со ребалансот на буџетот (јули 2025) обезбедени се средства за дополнителни 160 образовни асистенти за учебната 2025/2026, односно за вкупно 1346.

Донесен е нов Правилник за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи, за основно образование бр.12-7278/2 од 10.6.2025г. (објавен на веб страната на МОН) и нов Правилник за начинот на побарување на образовен асистент, начинот на селекција и избор на образовен асистент, како и програмата за обука на образовен асистент (Сл.весник бр.142/2025 од 15.7.2025)

Доделени се средства на државните основни училишта со ресурсен центар во вкупен износ од 1.500.000 мкд, односно по 300.000 денари за секое училиште (ОУРЦ Иднина, ОУРЦ Св.Климент Охридски, ОУРЦ Маца Овчарова, ОУРЦ Златан Сремац и ОУРЦ Кочо Рацин). Училиштата ја имаат спроведено набавката за асистивна технологија.

На 10.12.2025 од страна на МФ во владина постапка доставен е Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова –

КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови **<u>и објекти за ученици со попречености</u>** во Северна Македонија – фаза 2, по скратена постапка. Законот е усвоен на 83-та седница на Собранието одржана на 29.1.2026г. (Сл.весник бр. 20/2026 од 2.2.2026г.)

2. Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштата за цели на инклузија
   **Индикатор:** *Официјално одобрени одредби и методологија на национално и општинско ниво за наменска примена на средствата за учениците со посебни образовни потреби*

На 11.7.2025 одржан е состанок во ЗЕЛС, на кој е разгледана и позитивно оценета новата формула за финансирање во основно образование (во која се земени предвид спецификите и потребите на учениците со посебни образовни потреби). Уредбата за финансирање на основното образование (нова формула) е разгледана на седница на Комисијата за финансирање на единците на локална самоуправа и по истата е добиено позитивно мислење.

Уредбата е усвоена од страна на Владата на 97-та седница, одржана на 29.7.2025г, со примена од 2026 година. Усвоен е Буџетот за 2026г. во кој е предвидена распределба на блок дотации по општините согласно новата Уредбата за финансирање на основното образование (нова формула).

Реализирани се обуки за вработените во сектор за основно образование во МОН (24 и 25 септември). Реализирани се обуки за вработените во општините (ноември и декември)

Развиен е модулот во рамки на новиот ЕМИС за пресметка на новата формула.

3. Воведување механизам за финансиска и друг вид поддршка на училиштата со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција
   **Индикатори:** *Обезбедени парични грантови за училиштата; вклучени најмалку 30% од основните училишта во кои наставата се одржува на еден јазик во заеднички воннаставни активности со училишта во кои наставата се одржува на друг јазик*

Во насока на подобрување на интеракцијата помеѓу учениците кои ја следат наставата на различен наставен јазик, МОН продолжи со доделување на грантови на училиштата. Врз основа на измените на Законот за основно образование со кои средствата за активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција кои ги доделува МОН се зголемени од „30.000 денари" на „две просечни нето-плати исплатени по работник во Републиката во претходната година", донесено е Решение бр.18-13862/1 од 30.10.2025 од министерката за образование и наука за висина на грант од 60.000 мкд

На 31.10.2025г. Јавниот повик е објавен на веб страната на МОН. Пристигнати се 106 апликации од основните училишта. Доделени се грантови на 39 основни училишта од кои 34 се во партнерство со друго училиште.

МОН со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше две регионални информативни средби (19.11 во Тетово и 21.11 во Велес) поврзани со новите услови и критериуми за доделување грантови за унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштата, вклучувајќи го и зголемениот износ на поддршката. Дополнително, на овие средби беа претставени и локалните совети за превенција, кои споделија искуства и примери на успешни практики во создавање на безбедна и поддржувачка училишна средина.

Дополнително МОН со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше две работилници (9 и 10 декември во Челопек и 18 и 19 декември во Велес) за креирање забавни ученички активности што поттикнуваат поддршка и заедништво меѓу учениците, наменета за наставници и стручни соработници кои работат директно со ученици и родители од различни заедници.

Во процедура се постапки за учебници за предметот македонски јазик за учениците од другите заедници за седмо, за осмо и за деветто одделение, албански јазик (јазик на заедницата) за шесто и седмо одделение, албански јазик (изборен предмет) за осмо и деветто одделение.

4. Воспоставување одржлив модел за продолжување (завршување) на основното образование од страна на децата во воспитно-поправните домови
   **Индикатори:** *Обезбедена финансиска поддршка за спроведување образование во воспитно-поправните домови; 50% од децата без основно образование сместени во воспитно-поправните домови вклучени се во основно образование*

Законот за изменување и дополнување  на Законот за основното образование (во кој е доуредена постаката за остварување на основно образование во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови)  е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025.

Врз основа на Законот, на предлог на БРО донесен е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравственит установи, казнено-поправни и воспитно – поправни установи, како и во домашни услови бр. 18-9120/1 од 30.6.2025г.

Завршена е постапката за ангажирање на консултант за подобрување на образованието во здравствени установи и процесот на реинтеграција на учениците во училиштата (во рамки на PEIP проектот). Одржана е студиска посета во Загреб, Хрватска на претставници од МОН. Избраните консултанти во рамки на ПЕИП Проектот изработија компаративна анализа на искуства од други земји за организирање на настава во здравствени установи и домашни услови за ученици кои се на подолго болничко лекување. На 30 јуни започнаа обуките за наставниците на тема „Развој на вештини за работа со ученици кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови, развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците и создавање на позитивна социо – емоционална клима на час“.  Обуката беше

наменета за наставници од основно образование (140 наставници од 70 училишта) во чии паралелки има деца кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови, а ја спроведуваа советници од БРО, лекари, претставници од граѓански сектор, психотерапевт и комуниколог. Спроведена е и обука која на 51 одделение (околу 1275 ученици од прво до деветто одделение) каде има ученици кои се, или биле на подолго лекување во болница или се на домашно лекување кое трае подолго од три недели. Програмата за обука е прилагодена согласно структурата на возраст на учениците.

На 67-та седница на Владата одржана на 15.4.2025 усвоена е Одлуката за преземање на основачките права и обврски над основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко" Скопје. Од 1.9.2025 основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко" Скопје стана државно училиште (одобрен е Статутот и сите акти), преку кое се спроведува наставата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, финансирано од буџетот на МОН

Донесен е Наставен план за основно образование на возрасни/казнено поправните установи со бр.12-9821/3 од 16.7.2025г. и Наставен план за основно образование во воспитно-поправните установи со бр.12-9821/4 од 16.7.2025г. Донесени се вкупно 18 програми за образование на возрасни/казнено поправните установи (девет програми) и за основно образование во воспитно-поправните установи (девет програми)

Донесен е Правилник за формата и содржината на потврдата за извршена проверка на знаењето на децата од воспитно-поправни установи кои не биле вклучени во настава со бр.18-3181/1 од 17.2.2025 (Сл.весник бр.41 од 21.2.2025)

5. Воведување на одржлив модел за идентификација на училишни обврзници кои се надвор од училиштата во основното образование и нивно следење до завршување на задолжителното образование
   **Индикатори:** *Избран и одобрен модел за идентификација на училишни обврзници во основно образование надвор од образовниот систем; Обезбедување на стипендии за училишни обврзници од социјално загрозени семејства за упис во основно училиште*

На 1.8.2025 на веб страната на МОН објавен е Повикот за ангажирање на 50 образовни медијатори за основно образование за учебната 2025/2026 година (со рок на пријавување до 1.10.2025). Ангажирани се 43 медијатори. На 9.12.2025 објавен е Повторен повик за ангажирање на 6 медијатори, со рок на поднесување на документи до 20.12.2025.

Во соработка со Уницеф, БРО изработи Програма за обука на наставниците за препознавање и интервенции во случај на рано напуштање на образованието, која започна да се пилотира во три училишта (Штип, Битола и Прилеп). Дополнително во соработка со НВО се работи и со родителите/старателите на учениците

Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со кој се доуредува постапката за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование е усвоен на 28-та седница

на Собранието (објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025). Врз основа на Законот донесен е нов Правилник за формата и содржината на потврдата за извршената проверка на знаењето на ученикот кој не бил вклучен во настава, а е со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основното образование бр. бр.18-3182/1 од 17.2.2025 (Сл.весник бр.41 од 21.2.2025) и нов Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.18-13736/1 од 28.10.2025г.

Согласно Законот за заштита на деца, право на додаток за образование има домаќинство со дете кое е на редовно школување во основно или средно образование во училишта во Република Северна Македонија верификувани од Министерството за образование и наука и запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија и во регистарот на Министерството за образование и наука, чии вкупни просечни месечни приходи остварени во последните три месеци пред поднесување на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството се во висина до прагот за пристап на правото на додаток за образование, кој е поставен на 6.800 денари, а кој се зголемува за секој член на домакинството за коефициент од еквивалентната скала, а најмногу за вкупно осум члена во домаќинството. Висината на додатокот за образование изнесува 700 денари месечно за ученик во основно образование и 1.000 денари месечно за ученик во средно образование во текот на учебната година. Висината на додатокот за образование се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на условите за учење и квалитетот во остварувањето на основното образование"**, предвидени се 5 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2025 година, и две мерки со реализација во 2025 година:

1. Оптимизирање на бројот на ученици кога се формираат нови паралелки во I одделение
   **Индикатор**: *Бројот на ученици по паралелка не надминува 30*

Издадени се согласности за новофинансирање на наставен кадар за прво одделение и/или рационализирање на паралелки, за намалување на бројот на учениците во паралелка од 20 до максимум 30 ученици, со што од учебната 2025/2026 година исполнета е законската обврска за учениците од прво, второ, трето, четврто, петто, шесто и седмо одделение (сукцесивно воведување од учебната 2019/2020 година).

2. Изготвување на сите неопходни дидактички материјали за сите предмети и на сите јазици на наставата и нивно бесплатно распределување на наставниот кадар
   **Индикатор**: *Сите наставници (вклучувајќи ги и оние што ги предаваат изборните предмети) ги имаат неопходните материјали за одржување на наставата, учењето и оценувањето на сите јазици на кои се одржува наставата*

Одобрени се нови учебници за предметите босански јазик за 7, српски јазик за 7, турски јазик за 7, а за прв пат се одбрени и учебници за предмотот Јазик и култура на Власите за 7 и предметот, Јазик и култура на Бошњаците за 7 одделение. Одобрен е нов учебник за предметото Јазик и култура на Србите за 4 одделение

Од страна на БРО изработени се материјали за учење за предмот Јазик и култура на Србите за 3, 5, 6 и 7 одд, Јазик и култура на Ромите за 7 одд, Јазик на заедницата за 7 одд и Јазик и култура на Турците за 4, 5, 6, 8 и 9 одд, и истите се објавени на веб страната на БРО

На 19.2.2025 објавен е Конкурс за учебници за изборни предмети (јазик и култура на Србите, јазик и култура за Ромите, јазик и култура за Турците...) за четврто, петто, шесто и седмо одделение за кои недостасуваа учебници. На 12.3.2025 објавен е Конкурс за учебник за предметот Јазик и култура на Србите (изборен) за III одделение и Јавен повик за рецензенти на учебникот за Јазик и култура на Турците (изборен предмет) за III одделение. На 19.5.2025 објавен е Повикот за учебник за предметот Јазик и култира за Србите за трето одделение.

Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г.. Со измените на Законот се уредува дека по исклучок, за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, може да се формира и група помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата. Донесен е Правилник за начинот на формирањето на групи за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата бр.. бр 18-13407/1 од 17.10.2025

3. Унапредување на оценувањето за учење по математика и природни науки
   **Индикатори:** *Обучени наставници по математика и природни науки од 30 училишта; Пилотиран пристапот за оценување за учење по математика и природни науки во 10 училишта*

Од 26 до 28 март 2025, ДИЦ одржа работилница „Поставување стандарди на постигања за петто одделение“. Работилницата ја водеа меѓународни експерти, со поддршка од советници од Државниот испитен центар, а во неа учествуваа и 30 наставници и професори од основното и високото образование. Целта на работилницата беше да се постават стандарди по предметите математика и мајчин јазик (македонски и албански јазик) во петто одделение базирани на реални емпириски резултати.

4. Зголемување на бројот на училишта со модерни услови за остварување на образовниот процес, воведена ИБ Програма, како и безбедна училишна средина (пр. училишна кујна, спортска сала, спортско игралиште, тоалети итн.)
   **Индикатори:** *Реконструирани 30 училишта; Воведена ИБ Програма во 3 основни училишта, Реновирани 20 училишта со подобрени терени, сали и игралишта; Опремени 15 училишта со помошни технологии и уреди; 50 училишта имаат опремени и функционални кабинети и нагледни помагала за сите предмети (за период 2020-2025)*

На 43-та седница на Владата, одржана на 14.1.2025г. донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во 2025 („Службен весник” бр.8/25 од 14.1.2025). Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2025 година (објавен на системот на БЈН на 22.1.2025), во кој се вклучени капитални инвестиции.

Во 2025 година завршени се со изградба/доградба 5 нови училишни објекти: изградба на нов училишен објект во с.Баница, Чашка, изградба на нов училишен објект за ООУ Рилинѓа во с. Селце, Тетово; доградбата на ООУ Санде Штерјоски, Кичево, доградба на ОУ „Александар Урдаревски“, Чучер Сандево и доградба на училишниот објект во ООУ "Св. Кирил и Методиј" с. Кучевиште, Чучер Сандево

Три училишта се во фаза на доградба/надградба (доградба на училишен објект на ООУ Аццо Шопов, Радишани, Бутел и изградба, доградба, надградба и реконструкција на училишен објект ООУ „Гоце Делчев“ во село Еднокуќево, Општина Босилово и доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на ОУ „Димче Ангелов Габерот“, Демир Капија)

Завршена е реконструкцијата на вкупно 28 основни училишта, а во тек е реконструкција на 2.

Завршена е постапката за набавка на клупи и столчиња за потребите на основните и средни училишта во РСМ и истите се доставени до училиштата согласно спецификацијата.

Во тек е изградба на четири сали во ОУ „Зини Хани”, с.Велешта, Струга , ОУ „Рилиндија”, с.Лијане, Липково, во ОУ „Годе Делчев” Аеродром и во ОУ „Кирил Пејчиновиќ” Кисела Вода. По однос на добиениот грант од Банката за развој при Советот на Европа, за реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта, во 2024 извршена е реконструкција на 10 сали, а во 2025 започната и во тек е реконструкција на 15 сали.

На 68-та седница на Собранието, одржана на 12.9.2025 донесен е Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование (со заемот од Светска Банка предвидена е довраба и надградба на училишта за воведување на едносменска настава). Потпишан е Дпговорот за заем помеѓу РСМ (Министерство за финансии) и Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка. Врз основа на Физибилити студијата за воведување на едносменска настава, спроведена е постапка за изработка на техничка документација и ревизија на документација за надградба/доградба на пет училишта (ОУ Александар Македонски Аеродром, ОУ Димо Хаџи Димов Карпош, ОУ Панајот Гиноски Бутел, ОУ Његош, Јурумлери, Гази Баба и ОУ Страшо Пинџур Ѓорче Петров). Изработено е идејно решение и проектна документација за сите пет училишта и поднесени се барања за обезбедување на дозвола за градба, а започната е Јавна набавка/постапка за изработката на техничка/проектна документација за уште шест училишта (објавен е повикот на 22.12.2025). По добивањето на одобренијата за градба ќе следи објава на Повик/постапка за избор на фирма/и за доградба (во 2026 година).

Врз основа на одобрениот грант за „Подобрување на условите за учење во училиштата во Република Северна Македонија преку зелена енергија“ од Зелен социјален инвестициски фонд (GSIF) основан од Банката за развој при Советот на Европа - ЦЕБ, на 24.9.2025 објавена е јавна набавка за услуги за изработка на физибилити студија за утврдување на капацитетот на ЕЕ во училиштата во земјата.

На 138-та седница одржана на 23.12.2025г. усвоен е Закон за задолжување на РС Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали (20.000.000 евра за изградба на нови училишни спортски сали). Законот е доставен во собраниска процедура (Службен весник бр.13/2026 од 23.1.2026г).

Одобрени се 50 проекти (доградби на училишта, изградба на училишни спортски сали, реконструкции на училишта...). од АА Програмата (средства за капитални дотации кон општините). Донесени се одлуки за доделување на средства на 88-та седница одржана на 1.7.2025г. (по вториот повик), Договорите се потпишани со општините на 17.7.2025г.

ИБ Програмата продолжи да се спроведува во едно основно училиште: ООУ Браќа Миладиновци, Скопје.

5. Воспоставување систем за професионална ориентација во сите училишта преку стручните служби
   **Индикатор:** *Достапни неопходните средства и алатки за професионална ориентација за сите основни училишта (психолозите во училиштата се снабдени со тестови за способности)*

Програмата за професионална ориентација во основно образование се спроведува од страна на училиштата. Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Здружението Асоцијација на советници за развој кариера - АСК од Скопје за спроведување на обуки за кариерните советници во основните и средните училишта. Врз основа на Меморандумот за соработка, спроведени се обуки за 312 стручни соработници од основните училишта. За сите учесници на обуката издаден е сертификат од страна на МОН, БРО и спроведувачот на обуката (АСК).

Развиена е е-платформа на Водичот за квалификации кој ќе им помогне на учениците од основно образование за професионален и кариерен развој (во соработка со Хелветас).

6. Осовременување на системот за обезбедување контрола на квалитетот
   **Индикатори:** *Осовремен систем за обезбедување и контрола на квалитетот*

Во првата недела од месец октомври се спроведе претестирањето за третто одделение. ДИЦ започна со обработка на податоците.

Заврши обработката на податоците од Државното тестирање кое се спроведе во месец јуни 2024, за учениците во петто одделение за математика и мајчин јазик (македонски и албански

јазик). Извештајот со резултатите и препораки е промовиран на 15 декември 2025 година (преку стручна расправа).

На 16 декември 2025 година, Државниот испитен центар организираше обука на тема: „Толкување и анализа на податоците од НАП за поддршка на образовните политики". На настанот учествуваа советници од БРО, претставници од МОН, ДПИ и ДИЦ. Целта на обуката беше да се зајакнат капацитетите за користење на податоците од Националната оценка на постигнувањата (НАП) во процесите на анализа, планирање и имплементација на политики во образованието. Во рамки на интерактивна групна работа, учесниците изготвија предлог-мерки за унапредување на квалитетот на наставата и подобрување на ученичките постигнувања, при што беа предложени системски решенија за сите засегнати чинители (МОН, БРО, ДПИ, училиштата).

7. Обезбедување учество на Република Македонија во меѓународните студии ТИМСС и ПИСА
   **Индикатори**: *Организирана и реализирана ТИМСС студија, Организирана и реализирана ПИСА стидија*

Продолжи обработката на податоците од пробното тестирање за ПИРЛС од страна на IEA – Меѓународната организација за евалуација на постигнувањата во образованието.

Во месец октомври 2025, објавени се резултатите од TALIS 2024 (меѓународното истражување на ОЕЦД за настава и учење. Во рамки на истражувањето се испитува како работат наставниците и директорите на училиштата во државата, со цел да се подобри квалитетот на нивната работа) Детален извештај ќе биде објавен во 2026г.

На 9.12.2025 објавени се резултатите од лонгитудинална ТИМСС студија. Детален извештај ќе биде објавен во 2026г.

Од страна на ДИЦ започнаа подготвителни активности за двете меѓународни тестирања TIMSS 2027 и ICCS 2027.

Во текот на месеците април и мај, Државен испитен центар го спроведе ПИСА тестирањето 2025. 125 училишта и околу 7.500 ученици на возраст од 15 години беа опфатени со тестирањето во чиј фокус во овој циклус се природните науки, наспроти мајчиниот јазик и познавањето на математиката. Податоците од спроведеното тестирање ПИСА 2025 се доставени до ОЕЦД. МОН и ДИЦ дадоа позитивно мислење до ОЕЦД за учество во ПИСА тестирањето 2029

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта"**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2025 година :

1. Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник, ментор/стручен соработник-советник)

**Индикатори:** Вклучени 50% од наставниците во процесите за професионален и кариерен развој; Акредитирани програми од БРО; Унапредени 0,5% од наставниците во ментори и советници

**Професионален развој:**
Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)

Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)

Законот за изменувања и дополнувања на Законот за БРО, (вклучително и делот за акредитација и реализација на обуки за наставници и стручни соработници) е објавен на ЕНЕР.

Врз основа на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование (Сл.весник бр. 193/2025), склучен е Договорот за заем и завршени се сите административни обврски со цел негово ефектуирање. Во рамки на дополнителното финансирање во 2026г. ќе се акредитираат и спроведат нови обуки.

На 30.10.2025 МОН и Центарот за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје потпишаа меморандум за соработка кој предвидува искористување на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови за организирање на обуки за наставникот кадар, како и работилници за развој и примена на иновации во образованието со фокус на генеративната вештачка интелигенција. Согласно Меморандумот над 700 наставника беа обучени по 6 часа обука во 4 групи (од 20.11 до 23.12.2025 ). Наставниците се стекнаа со сертификат. Материјалите од обуките се споделени со сите училишта во насока на каскадно обучување на што поголем број на наставници.

Спроведени се обуките за наставниците од седмо одделение кои предаваат по новите наставни програми од учебната 2025/2026 година.

По спроведените обуки за наставниците во третиот квартал, на тема „Развој на вештини за работа со ученици кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови, развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците и создавање на позитивна социо – емоционална клима на час" стручен тим на Министерството за образование и наука, БРО, Министерството за здравство и НВО САНО, изработи прирачник за наставници за вклучување на учениците на подолго болничко лекување во наставата. Дополнително, изработена е и брошура со корисни совети како за наставниците, така и за учениците и нивните семејства. Прирачникот и брошурата се објавени на веб страната на МОН на 27.11.2025 и се доставени до сите училишта.

Завршено е истражувањето (врз основа на DigCompEdu). и доставен е  финален извештај „Анализа на дигиталните вештини на наставниците во основните училишта во Македонија", во рамки на ПЕИП проектот. Извештајот ќе служи како основа за креирање на специфични приоритетни обуки за наставниците за дигитални вештини.

Завршена е повторната анализа (follow up) со TEACH инструментот, со која беа опфатени истите училишта од првата фаза, со цел  да се направи споредба на квалитетот на наставата по спроведените три циклуса на обуки на наставниците (од Каталотот на акредитирани обуки) со што директно се измери импактот на обуките врз квалитетот на наставата. Изготвен е извештај со препораки.

**Кариерен развој:**
Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со кој се доуредува постапката за кариерен развој на стручните соработници е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г. Врз основа на измените, на предлог на БРО донесен е Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на стручните соработници бр. 18-9043/1 од 27.6.2025 г.

На 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025г. усвоена е Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во основните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, наставник-советник и стручен соработник-ментор. Повиците се објавени на веб страната на МОН на 28.7.2025г. (со рок на пријавување до 23.9.2025г.). Комисиите за проценување на апликациите и документацијата на кандидатите за наставник ментор, наставник советник и стручен соработник ментор завршија со разгледување и за кандидарите кои ги исполнија условите доставени се на мислење и оценка до БРО и училиштата.

Донесен е нов Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за пријавување на наставниците и стручните соработници од 15 на 60 дена, објавени во Службен весник на РСМ бр.148 од 23.7.2025г.

Донесен е Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за

стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за доставување на оценки и стручни мислења од БРО и училиштата од 30 на 60 дена (објавени во Службен весник на РСМ бр.263 од 26.12.2025г.)

*Во 2023 година во звање ментор се унапредени 46 наставници од основните училишта (вкупниот број на наставници-ментори изнесува 250, што е 1,3% од вкупниот број на наставници, со што и овој индикатор е надминат).

2. Зајакнување на стручните служби во училиштата со сите неопходни профили и ревидирање на нивните работни обврски согласно професионалните компетенции
   **Индикатори:** Одобрени норми за бројот и видот на вработени во стручните служби во основните училишта; Целосно екипирани стручни служби во 70% од училиштата во согласност со нормите (за период 2020-2025)

Во 2022 донесен е нов Правилник за норматив за стручните соработници во основните и средните училишта.

Во учебната 2024/2025 година стручните служби во основните училиштата се зајакнати со 7 нови вработувања (2 социјални работници, 2 психолози и 3 специјални едукатори и рехабилитатори).

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 5 „Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование"** предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во периодот 2020-2025 година:

1. Воведување механизам за пилотирање и вреднување на иновациите во основното образование и определување средства за поддршка на механизмот
   **Индикатори:** Оперативен механизам за пилотирање и проценка на иновациите

Од страна на 20те училишта целосно се спроведени активностите согласно доделените грантови за финансирање активности од развојните програми на јавните основни училишта.

Од страна на сите основни училишта изработени се годишни програми и развојни програми за учебната 2025/2026 врз основа на спроведена самоевалуација.

Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор, во кој се вклучени новите индикатори за следење на основните училишта (усогласени со системот на самоевалуација и развојно планирање) е усвоен и објавен во Службен весник бр.87 од 29.4.2025г.

Спроведена е постапка и избрана е фирма изведувач за изработена на е-алатката за отчетност и транспарентност на училиштата.

## 3.ОПШТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (гимназии, уметнички училишта и училишта за ученици со посебни образовни потреби)

**Постигнати резултати/исходи во 2025 година од спроведување на мерките и активности од Столб 3:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Столб 3 „Подобрување на содржината на средното образование"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Изработување и воведување на Национален стандард за средното образование
   **Индикатор:** *Одобрен Националниот стандард за средно образование врз основа на Националниот стандард за основно образование, со јасно определени резултати од учење и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на различностите, правата на децата и демократската култура*

Националните стандради за интеркултурно образование, во средно образование се донесени во 2022г. (со решение на министерката за образование и наука бр.13-459/2 од 13.1.2022 г.).

Законот за изменување и дополнување на законот за средното образование, во кој е уредена постапката за изработка на концепција за гимназиско образование како и рамка на клучните компетенции што ги стекнуваат учениците во средното образование е усвоен од страна на Собранието и објавен во Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.)

Врз основа на измената на Законот, од страна на Бирото за развој на образованието изработена е предлог Концепција за гимназиско образование со Национална рамка на клучните компетенции што ги стекнуваат учениците во средното образование, која е објавена на веб страните на МОН и БРО со цел консултација со стручната јавност.

Националната рамка се базира на Компасот за учење на ОЕЦД 2030 (OECD Learning Compass 2030)[1] со кој се трасира иднината на образованието во Европа воопшто и се поставуваат насоките како образованието да овозможи да се постигне крајната цел - индивидуална и колективна благосостојба на луѓето и општеството. При тоа, дефинираните компетенции во Компасот за знаењата, вештините, ставовите и вредностите се прилагодени на контекстот на средното образование во нашата земја и се наведени во Националната рамка како излезни резултати од средното образование. Со други зборови, во Националната рамка се опфатени знаењата, вештините, ставовите и вредностите кои средношколците од Република Северна Македонија треба да ги стекнат во текот на средното образование за да дејствуваат на кохерентен и одговорен начин во натамошното образование и во животот воопшто.

2. Ревидирање на наставните планови и програми во согласност со Националниот стандард
   **Индикатор:** *Одобрени наставни планови и програми кои ги исполнуваат барањата на Националниот стандард*

---

[1] OECD Learning Compass 2030 е производ на проектот Иднината на образованието и вештините на ОЕЦД 2030 (OECD Future of Education and Skills 2030 project) OECD_Learning_Compass_2030_Concept_Note_Series.pdf

Врз основа на предлог Концепцијата и националната рамка на клучните компетенции што ги стекнуваат учениците во средното образование на предлог на БРО донесен е нов Наставен план за гимназиско образование кој започна да се применува од учебната 2025/2026 година. Од страна на МОН на 3.4.2025г. донесени се нови наставни програми за сите предмети за прва година средно гимназиско образование кои започнаа да се применуваат од учебната 2025/2026 година. Со наставните програми се определуваат: резултатите од учењето, содржините и поимите, активностите и методите во наставата, примери на активности и методи во наставата, стандардите за оценување, опремата и средствата за реализација на наставната програма, нормативот за наставен кадар и друго потребно за реализација на наставната програма.

На 26 и 27 август 2025 година, Бирото за развој на образованието организираше обуки на тема „Планирање и реализација на наставата според новите наставни програми за прва година гимназиско образование". Со овие обуки беа опфатени сите наставници од гимназиските училишта во државата кои во учебната 2025/2026 година ја реализираат наставата според новите наставни програми за прва година гимназиско образование.

Обуките беа организирани во посебни групи за секој наставен предмет. Наставниците се запознаа со новите наставни програми за прва година гимназиско образование, а особен акцент беше ставен на начинот на планирање и реализирање на наставата, преку примена на современи пристапи и методи на учење карактеристични за секој предмет. Дополнително, наставниците добија насоки за следење и оценување на постигањата на учениците, со цел унапредување на квалитетот на наставниот процес.

Новите наставни програми за прва година гимназија започна да се применуваат во настава од 1.9.2025. На веб страната на БРО објвени се материјали за поддршка за реализација на новите наставни програми во гимназиско образование (Презентација од обуката за новите пристапи во наставата и начинот на планирање и реализација на наставните програми; обрасци за планирање на реализацијата на наставната програма, обрасци за планирање на часовите, примери за планирање на часовите по сите наставни предмети во прва година гимназиско образование.).

Во текот на месеците октомври - декември донесени се и нови наставни програми за втора година гимназиско образование, кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година.

3. Ревидирање на учебниците според Националниот стандард и наставните програми
   **Индикатори:** *Ревидирано законодавство за изготвување и објавување на учебници; Извршена анализа на недостатоците на постоечките учебници; Објавени сите нови учебници коишто се неопходни за I година од општото средно образование*

Законот за учебници во основното и средното образование е усвоен на 28-та седница на Собранието (Објавен во Службен весник 3/2025 од 3.1.2025). Новиот закон обезбедува изработка на учебници со поквалитетна содржина, намалување на веројатноста за појава на грешки и ја поедноставува постапката за набавка, со цел навремена испорака во училиштата.

Врз основа на Законот донесена е Концепција за изработка на учебници (утврдена со решение од министерката од 16.1.2025г.) и истата е објавена на веб страната на МОН и доставена до сите изваадчки куќи. Од страна на МОН донесена е Методологија за вреднување на учебници со бр.18-5577/1 од 10.4.2025г. (имајќи предвид критериуми како родова еднаквост, почитување на различностите, мултикултурните и демократските вредности), изработена на предлог на БРО и ЦСОО.

На 45-та седница на Владата, одржана на 21.1.2025 донесена е Уредбата за утврдување на каталошка цена на учебник (согласно новиот Закон за учебници)

Донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на запишување во базата на рецензенти и начинот на работа на рецензенти (Службен весник бр.13 од 22/1/2025г.)
- Правилник за формата и содржината на Каталогот на одобрени учебници (Службен весник бр.13 од 22/1/2025г.)
- Правилник за начинот на одобрувањето на работна тетратка за употреба во училиштата и
- Правилник за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во основните и средните училишта (објавени на веб страната на МОН).

На 4.4.2025г. објавен е Конкурс за учебници за прва година гимназиско образование, согласно новите наставни програми. По одобрување на учебниците во текот на месец август спроведени се постапки за откуп со издавачките куќи согласно Законот за јавни набавки. Учебниците се набавени и доставени до сите училишта.

Во месеците октомври-декември објавени се Конкурсите за учебници за втора година гимназиско, кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста меѓуетничката интеграција во средното образование"**, предвидени се 4 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2025 година:

1. Подобрување на условите на средните училишта за еднаков пристап на сите ученици
   **Индикатор:** *Целосно приспособени најмалку пет средни училишта за инклузија на учениците со физичка попреченост*

На 43-та седница на Владата, одржана на 14.1.2025г. донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2025 („Службен весник" бр.8/25 од 14.1.2025)

Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2025 година (објавен на системот на БЈН на 22.1.2025), во кој се вклучени капитални инвестиции.

Во 2025 продолжи изградбата на нов училишен објект СОУ „Сами Фрашери", Куманово. Завршена е реконструкција на пет училишта а во тек е реконструкција на 3 училишта.

2. Воспоставување механизам за вклучување на учениците со посебни образовни потреби во редовното средно образование
   **Индикатор:** *Воспоставена процедура за носење одлуки за вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовните средни училишта*

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.) за прв пат е даден основ за ангажирање на образовни асистенти од страна на средните училишта со ресурсни центри, за ученици запишани во редовните средни училишта.

Врз основа на законските одредби донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на побарување на образовна асистенција и начинот на селекција и избор на образовен асистент, како и програмата за обука на образовен асистент за средно образование со бр. 13-3853/5 од 10.6.2025;
- Правилник за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи, за средно образование бр. 13-3853/6 од 16.6.2025 и измена на Правилник со бр. 13-11684/1 од 29.8.2025г.
- Правилник за начинот на работењето на инклузивниот тим за ученикот бр.13-12409/1 од 22.9.2025
- Правилник за оценувањето на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма бр.18-13406/1 од 17.10.2025 (Сл.весник бр.216/25 од 21.10.2025)
- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попречености, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура бр. 18-15176/1 од 4.12.2025 (Сл.весник бр.246/2025 од 9.12.2025)
- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од училишна гимназиска матура, училишна стручна матура и училишна уметничка матура бр. 18-15872/1 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)
- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од завршниот испит во средното стручно образование бр. 18-15872/2 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)

Со ребалансот на буџетот (јули 2025), отворена е нова програма 37 за инклузивно средно образование и обезбедени се средства за образовни асистенти за средно образование за учебната 2025/2026. Поднесени се барањата за 150 согласности до МФ и истите се одобрени на 30.7.2025. Во јануари 2026 обезбедени се согласности за уште 11 нови образовани асистенти, а во февруари 2026 обезбедени сè уште 5 образовни асистенти.

Во сите училишта формирани се инклузивни тимови.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование, државите училишта за ученици со попреченост продолжуваат со работа како државни средни училишта со ресурсен центар, од учебната 2025/2026 година. Врз основа на законските одредби одобрени се статутите на ДСУ„Димитар Влахов", ДСУ Искра, ДСУ „Наум Охридски" и ДСУ „Партение Зографски", со што овие четири училишта се трансформираа во училиште со ресурсен центар., почнувајќи од 1 септември 2025. Донесено е и Решение за реонизација на училиштата со ресурсни центри и редовните средни училишта.

Зголемен е бројот на стипендии на ученици со попреченост вклучени во средното образование во учебната 2025/2026 година на 180 стипендии (доделени се 163 стипендии за

учебната 2024/2025, 164 стипендии за учебната 2023/2024, 120 стипендии во учебната 2022/2023 година).

3. Воведување механизам за финансиска и друг вид поддршка на училиштата со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција
   **Индикатори:** *Обезбедени парични грантови; Вклучени најмалку 30% од средните училишта во коишто наставата се одржува на еден јазик во заеднички воннаставни активности со училишта во коишто наставата се одржува на друг јазик; Организирани воннаставни активности во најмалку 80% од училиштата во кои наставата се одржува на повеќе јазици*

Врз основа на измените на Законот за средно образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.) со кои средствата за активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција кои ги доделува МОН се зголемени од „30.000 денари" на „две просечни нето-плати исплатени по работник во Републиката во претходната година", донесено е Решение бр.18-13862/1 од 30.10.2025 од министерката за образование и наука за висина на грант од 60.000 мкд

На 31.10.2025 Јавниот повик е објавен на веб страната на МОН. Доделени се грантови на 18 средни училишта.

МОН со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше две регионални информативни средби (19.11 во Тетово и 21.11 во Велес) поврзани со новите услови и критериуми за доделување грантови за унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштата, вклучувајќи го и зголемениот износ на поддршката. Дополнително, на овие средби беа претставени и локалните совети за превенција, кои споделија искуства и примери на успешни практики во создавање на безбедна и поддржувачка училишна средина.
Во текот на месеците јуни-август се спроведе третиот циклус на обуки од Каталогот на обуки на БРО, во рамки на кој акредитирана е обука на тема „Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта" со што наставниците имаат можност да ја изберат и следат оваа обука во нивниот професионален развој.

4. Воспоставување одржлив модел за продолжување (завршување) на средното образование од страна на учениците во воспитно-поправните домови
   **Индикатори:** *Избран и одобрен модел; Обезбедена финансиска поддршка за воспитно-поправните домови; Вклучени 30% од учениците во воспитно-поправните домови со завршено основно образование во средно образование*

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.) за прв пат е даден основ за ослободување од плаќање на трошоците за вонредни ученици кои се упатени во воспитно-поправни установи и казнено поправни установи и кои образованието го стекнуваат по пат на полагање испити според наставен план, наставна програма и испитна програма во средното училиште. Со законот се

додава нов член 4-а, со кој се уредува дека средното образование се организира и остварува и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови. Средно образование во казнено-поправни и воспитно-поправни установи, го реализира регионален центар за стручно образование и обука.

Врз основа на измените на Законот донесен е Правилник за начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови бр. 13-11883/1 од 4.9.2025 г.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година, од кои едната е завршена во 2020 („зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците приправници", за што е референцирано во извештајо од 2022г.):

1. Операционализирање на воспоставениот систем за професионален развој и напредување во кариерата за наставниците
   **Индикатор:** *Одобрени програми за обука во рамки на училиштата; Законски воведен и операционализиран систем за професионален развој и напредување во кариерата на наставниците до 2025г.*

<u>Професионален развој:</u>
Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)

Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.).

Спроведени се следните обуки за наставниците:
„Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава", од страна на акредитираниот понудувач на услуга ОЗ ИНВЕСТ, Скопје. Обуката заврши во месец август (се спроведуваше јуни, јули и август) и со неа се опфатени сите наставници од средните училишта, и
„Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици". Обуката е целосно завршена (во месеците септември и октомври) и со истата се опфатени 5.849 наставници

Спроведени се следните обуки за стручни соработници и кариерни советници:
„Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците", Обуката е спроведена во месец октомври и со неа се опфатени 486 стручни соработници и кариерни советници (409 жени и 77 мажи), и
Дополнително во месец ноември (13 и 14.11 за првата група и 17 и 18.11 за втората група) се спроведе уште една обука за кариерните советници од сите средни училишта во соработка со

Асоцијацијата на кариерни соевтници (врз основа на потпишаниот меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Асоцијацијата)

Кариерен развој:
Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование во кој е уреден основот за подзаконските акти за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници при кариерен разој, е усвоен од Собранието на 08 април (Службен весник на РСМ, бр. 78 од 11.4.2025 година).

Врз основа на законските измени донесени се Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на наставниците во средните училишта бр.18-9121/1 од 30.6.2025 и Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на стручните соработници во средните училишта бр.18-9122/1 од 30.6.2025

На 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025 донесена е Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор (објавени во Службен весник бр.129/2025)

Донесен е нов Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за пријавување на наставниците и стручните соработници од 15 на 60 дена, објавени во Службен весник на РСМ бр.148 од 23.7.2025г.

Донесен е Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за доставување на оценки и стручни мислења од БРО и училиштата од 30 на 60 дена (објавени во Службен весник на РСМ бр.263 од 26.12.2025г.)

Повиците се објавени на веб страната на МОН на 28.7.2025г. со рок на пријавување до 23.9.2025. Комисиите за проценување на апликациите и документацијата на кандидатите за наставник ментор и стручен соработник ментор завршија со разгледување и за кандидарите кои ги исполнија условите доставени се на мислење и оценка до БРО, ЦРСО и училиштата.

2. Целосно екипирање на стручните служби со сите неопходни кадри, во согласност со потребите на училиштата (застапените наставни јазици и бројот на учениците)
   **Индикатор:** *Целосно опремени стручни служби во сите училишта, со рок до 2025*

Во учебната 2024/2025 година вработени се 2 лица, стручни соработници, по основ на ново финансирање во средните училишта: 1 специјален едукатор и рехабилитатор и 1 социолог.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на условите за учење и на квалитетот на образованието"**, предвидени се 5 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година, и 1 мерка со рок 2025 година:

1. Оптимизирање на организацијата на работата на училиштата и организирањето на часовите
   **Индикатор:** *Спроведено целосно мапирање на средните училишта со утврдени можности за оптимизирање и проширување на објектите; бројот на ученици по паралелка не надминува 30; Учебниците и учебните помагала се постојано достапни за бесплатно користење на интернет*

На 43-та седница на Владата, одржана на 14.1.2025г. донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2025 („Службен весник" бр.8/25 од 14.1.2025). Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2025 година (објавен на системот на БЈН на 22.1.2025), во кој се вклучени капитални инвестиции. Во 2025 продолжи изградбата на нов училишен објект СОУ „Сами Фрашери", Куманово. Завршена е реконструкција на пет училишта а во тек е реконструкција на 3 училишта.

На 4.4.2025г. објавен е Конкурс за учебници за прва година гимназиско образование, согласно новите наставни програми. По одобрување на учебниците во текот на месец август спроведени се постапки за откуп со издавачките куќи согласно Законот за јавни набавки. Учебниците се набавени и доставени до сите училишта. Во месеците октомври-декември објавени се Конкурсите за учебници за втора година гимназиско, кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година. Креирана е нова страна за е-учебници https://e-ucebnici.mon.gov.mk/. Учебниците се бесплатни за сите ученици

2. Зајакнување на функционирањето на ученичките тела на ниво на училиште
   **Индикатор:** *Зголемена е демократската партиципација на учениците во училиштата*

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.) за прв пат е уредено учеството на ученичките тела во училиштата, односо ученичкото организирање на ниво на класни заедници и ученички совет. Со законот е уредена и фукнцијата ученички правобранител, кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во средното училиште и ги застапува учениците пред стручните органи и консултативните тела на училиштето. Средните училишта извршија промени на Статутите во кои се уредени и ученичките тела.

3. Осовременување на системот за обезбедување контрола на квалитетот
   **Индикатор:** *Осовремен систем за обезбедување контрола на квалитетот; повратните информации од сите оценувања на успехот на учениците овозможуваат да се носат одлуки за политиките врз основа на докази*

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.), додадена е нова глава „VI-а Обезбедување и оценување на квалитет на работата на средното училиште" со седум нови членови. Со тоа се осовременува системот за обезбедување на квалитет преку самоевалуација, интегралната евалуација и надворешни мерења на постигнувањата на учениците, оценување на работата на наставниците, стручните соработници, како и анкетирање од страна на Министерството.

Државен испитен центар изготви и објави Извештај за резултатите од екстерните испити на државната матура 2024/2025 година.

4. Обезбедување учество на Република Македонија во меѓународната студија ПИСА
   **Индикатор:** *Организирана и реализирана студијата ПИСА*

Во текот на месеците април и мај, Државен испитен центар го спроведе ПИСА тестирањето 2025. 125 училишта и околу 7.500 ученици на возраст од 15 години беа опфатени со тестирањето во чиј фокус во овој циклус се природните науки, наспроти мајчиниот јазик и познавањето на математиката. Податоците од спроведеното тестирање ПИСА 2025 се доставени до ОЕЦД. МОН и ДИЦ дадоа позитивно мислење до ОЕЦД за учество во ПИСА тестирањето 2029

5. Основање на Центар за талентирани ученици
   **Индикатор:** *Развиени се механизми за идентификување на талентираните ученици; основан е Центар за талентирани ученици со рок до 2025г.*

На 25.2.2025 објавен е Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните и средните училишта.

На 11.3.2025 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата (за средно образование). Одобрени и исплатени се еднократни парични награди за 16 ученика, 16 наставника и за 16 ментори кои го подготвувале ученикот за еден златен медал (пет просечни плати), 5 сребрени медали (четири просечни плати) и 10 бронзени медали (три просечни плати).

На 24.3.2025 објавен е Повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот за средно образование. Одобрени и исплатени се парични награди за 23

ученика, 23 наставника и 21 ментор кои го подготвувале ученикот за 5 први места, 3 втори места и 15 трети места.

Во постапката за аплицирање за парична награда за освоени медали на меѓународни научни олимпијади и на награди и медали на меѓународни натпревари од областа на математиката, информатиката и природните науки, како и за државни натпревари во земјата, за прв пат веќе не се доставуваат хартиени документи во Министерството, туку електронска Пријава преку http://e-uslugi.mon.gov.mk.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025) во кој е уреден основот за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар на ученици од средно образование и основот со кој на акредитирано здружение на наставници, кое е организатор на меѓународна олимпијада која се одржува во Република Северна Македонија, Министерството може да му додели средства за трошоците за организирање на меѓународната олимпијада, по поднесено барање до Министерството.

Врз основа на измените на Законот донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на една меѓународна научна олимпијада (Сл.весник бр.96/2025 од 14.5.2025)

На 15.5.2025 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на една од 15 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) во текот на 2025 година, со рок на пријавување (електронски) до 31.10.2025г. До МОН пристигнати и оодбрени се пет барања, од шест здруженија на наствници (физичари, математичари, ИТ, биолози, хемичари и филозофи) истите се одобрени и исплатени.

За прв пат е донесен Правилник за начинот на доделување на еднократна награда на талентиран и надарен ученик од основно образование, кој учествувал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование и освоил прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународни олимпијади или натпревари, како и учествувал и освоил прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование бр.18-9669/1 од 7.7.2025г.

Дополнително за прв пат од страна на МОН, а согласно измените на законот за средно образование донесено е Решение за доделување на средства за финанирање на меѓународен натпревар кој се организира во Македонија, на акредитирано здружение (Здружение на физичари)

6. Воведување механизам за пилотирање и вреднување на иновациите во средното образование и определување средства за поддршка на механизмот
   **Индикатор:** *Оперативен механизам за пилотирање и проценка на иновациите со рок до 2025г.*

Во предлог Концепцијата за гимназиско образовние поточно во Националнаta рамка на клучните компетенции што ги стекнуваат учениците во средното образование, во вештини кои треба да ги стекнат учениците се уредени и „вештини да ги идентификуваат можностите за иновации, да преземаат иницијатива и да применуваат стратегии за управување со ризик во личен или деловен контекст". Во делот на слободните изборни предмети е уредено дека истите треба да бидат од различни области (како: ментално здравје и добросостојба, здравствено и сексуално образование, вештачка интелигенција, ненасилна комуникација и разрешување конфликти, реторика, иновации и финансиска култура, како и од областа на уметностите и културата (музичка и визуелна уметност), со цел да обезбедат практични знаења и животни вештини кои ги надополнуваат општообразовните содржини на гимназиското образование и да им овозможат на учениците да стекнат компетенции што ќе им помогнат да се справат со современите предизвици и да се подготват за активно учество во општеството. Со Концепцијата е уредено и дека завршување на евалуацијата, училиштата добиваат детален извештај од ДПИ со наоди и препораки за подобрување. Овие извештаи служат како основа за планирање на вложувања, подобрување на менаџментот и развивање иновации во наставата. Со Концепцијата се уредува и дека преку задачи, истражувања и проектно базирано учење, учениците се подготвуваат за студии и професионален развој, додека практичната примена на знаењето ги поттикнува на иновации и креативност.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025) во кој е уреден основот за доделување на финансиски средства на училиштата за остварување на програми за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од употреба на алкохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанции и малолетничка деликвенција. На 15.1.2026 на веб страната на МОН објавени се резултатите од Јавниот повик за доделување на средства на училишта за остварување на програми за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција. Доделени се грантови на 7 средни училишта и истите се исплатени/префрлени на училиштата..

## 4.

## ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Постигнати резултати/исходи во 2025 година од спроведување на мерките и активности во Столб 4:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Столб 4 „Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот"** предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година и 1 мерка со рок на реализација во 2025 г.:

1. Воведување на флексибилен и ефикасен механизам за изготвување на Стандарди на занимања и Стандарди за квалификации засновани на резултати од учење, кои ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот
   **Индикатор:** *Изработени нови Стандарди на занимања и Стандарди за квалификации засновани на резултатите од учење според МРК*

Во 2025 година усвоени се 11 стандарди на занимања (од трето до петто ниво) и 12 стандарди на квалификации (седум) и стручни квалификации (пет) засновани на резултати од учење/клучни компетенции, кои ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот. Изработени се 53 наставни програми а ревидираник се 14.

2. Изготвување модуларни наставни програми во согласност со новите Стандарди за квалификации засновани на резултатите од учење
   **Индикатор:** *Изработени, одобрени и воведени модуларни наставни програми (вклучувајќи ги сите неопходни материјали за предавање, учење и оценување) според Стандардите за квалификации и предвиденото стекнување на клучните компетенции*

Изработени се целосно нови наставни програми за средно стручно четиригодишно образование, во соработка со претставниците на бизнис секторот, со цел истите да одговорат на потребите на пазарот на трудот. Новите модуларни наставни програми, во согласност со новите стандарди за квалификации, со изразени резултати од учење, базирани на компетенции и со зголемен процент на практично учење, се воведуваа етапно во сите училишта од учебната 2019/2020 година. Од учебната 2022/2023 година во настава се воведени модуларните наставни прграми базирани на компетенции и во четврта година, со што комплетирана е реформата во четиригодишното средно стручно образование.

3. Воспоставување институционално социјално партнерство на централно ниво и на ниво на установи
   **Индикатори:** *Воспоставен и целосно функционален трипартитен Национален совет за СОО и образование на возрасни, заснован врз принципите на социјално партнерство*

Донесен е нов Закон за стручно образование и обука (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025) и нов Законза образование на возрасни (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025).

Со Решение на Владата бр. 18-6011/2 од 24.6.2025 (Сл.весник бр.131/2025 од 30.6.2025) основан е Совет за стручно образование и обука, во кој членуваат 11 члена од кои по еден член од Министерството за образование и наука, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, стопанските комори кои ги вршат работите утврдени во Законот за стручно образование и обука, Занаетчиската комора, репрезентативен синдикат за образование, репрезентативна организација на работодавачите, Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Со Решение на Владата Решение бр. 18-6012/2 од 24.6.2025 (Сл.весник бр.131 од 30.6.2025) основан е Совет за образование на возрасни, во кој членуваат 13 члена, и тоа: два члена од

редот на експертите за образование на возрасните назначени од Владата, и по еден член од: Министерството, Бирото, Центарот за развој на стручно образование, Министерството за финансии, репрезентативниот синдикат во образованието, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, стопанската комора, репрезентативната организација на работодавачи и Занаетчиска комора на Република Северна Македонија.

4. Воспоставување механизам за утврдување на потребите за квалификации и вештини
   **Индикатори:** *Институционализирана Опсерваторија на вештини со целосен персонал; Најмалку 16 секторски комисии за квалификации одговорни за промовирање и развој на секторот и со посебна улога во утврдувањето на (и советувањето за) потребата од нови квалификации и ревидирање на постојните; Ревидиран Регистар на квалификации за СОО*

Донесен е нов Закон за национална рамка на квалификации (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025). Врз основа на новиот Закон основан е нов Одбор за македонска рамка на квалификации и формирани се сите 16 секторски комисии за квалификации. Регистарот на квалификации е надграден (во 2022г. ) и е целосно функционален.

Во насока на утврдување на потребите за квалификации и вештини, во првиот квартал од годината под слоганот „Учи паметно, работи стручно" беа организирани средби локално ниво, помеѓу компаниите и општините за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН и општините работеа на утврдување кои профили отворени во средните стручни училишта во учебната 2025/2026 година. Средбите беа организирани во соработка со Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија, проектот „Образование за вработување" (E4E@mk), имплеметиран од Хелветас Северна Македонија.

Опсерваторијата на вештини не е ставена во функција поради потребата од донесување на измени во Законот за високото образование.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Обезбедување на неопходните простории, опрема, алатки и материјали на стручните училишта за успешно да се спроведе теоретската и практичната настава
   **Индикатор:** *Најмалку 20 стручни училишта опремени според Стандардите за квалификации и новите норми, со рок до 2025*

На 43-та седница на Владата, одржана на 14.1.2025г. донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2025 („Службен весник" бр.8/25 од 14.1.2025)

Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2025 година (објавен на системот на БЈН на 22.1.2025), во кој се вклучени капитални инвестиции.

Во 2025 продолжи изградбата на нов училишен објект СОУ „Сами Фрашери", Куманово.

Завршена е реконструкција на четири училишта (реконструкција на кровен покривач СДУ „Славчо Стојменски" Штип, довршување на градежни и градежно-занатски работи на објект Ванчо Питошески Охрид, реконструкција/ рехабилитација на ДУ РЦСОО Моша Пијаде – Тетово и реконструкција на СОУ „Ѓорѓи Наумов" – Битола), а во тек е реконструкција на 2 стручни училишта (реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски",Охрид и реконструкција на СОУ „Кочо Рацин", Општина Свети Николе)
Завршена е целосно постапката за набавка транспорт и монтажа на разновидна опрема (согласно квалификациите/ струките на училиштето) за потребите на РЦСО Киро Бурназ, Куманово. Опремата е доставена и монтирана во училиштето.

Завршена е целосно постапката за набавка, транспорт и монтажа на електромеханичка опрема за потребите на РЦСОО Моша Пијаде Тетово, опремата е испорачана и монтирана во училиштето. Завршени се целосно постапките за набавка на училишен мебел и за набавка на ИТ опрема за потребите на регионалниот центар: РЦСОО „Моша Пијаде" – Тетово и истите се доставени во училиштето.

Завршена е целосно постапката за набавка транспорт и монтажа на угостителска опрема за потребите на РЦСО Ванчо Питошески, Охрид (реобјава). Опремата е доставена и монтирана во училиштето.

Завршена е постапката по Огласот за избор на економски оператор/изведувач на проектната документација/ проекти за реконструкција на четири регионални центри (Велес, Струмица, Битола и Штип).

2. Воспоставување СОО центри на извонредност (регионални центри за стручно образование)
   **Индикатор:** *Воспоставени, целосно опремени и пилотирани пет СОО Центри за извнoредност за обезбедување на висок квалитет на СОО*

Заврши реконструкцијата на Регионалниот центар „Моша Пијаде" во Тетово и довршување на градежни и градежно-занатски работи на објект „Ванчо Питошески" Охрид, со што три регионални центри (Куманово, Тетово и Охрид) се целосно реконструирани. Завршена е постапката по Огласот за избор на економски оператор/изведувач на проектната документација/ проекти за реконструкција на другите четири регионални центри (Велес, Струмица, Битола и Штип).

Набавена е ИТ опрема и училишен мебел за потребите на регионалниот центар „Моша Пијаде" во Тетово (во 2024 мебел и ИТ опрема е набавена за регионалните центри во Охрид и Куманово). Набавена е стручна опрема согласно профилите (земјоделска, угостителска...) за

трите регионални центри Тетово,. Куманово и Охрид и истата е доставена и монтирана во училиштата.

Од 1.9.2025г. започнаа со функција два нови регионални центри во Штип и Битола (шести и седми). Изработени се нови стандарди на занимања и стандарди на квалификации кои ќе се изучуваат во новите регионални центри.

Донесен е Правилник за начинот на распределба на средствата на Државните средни училишта - регионални центри за стручно образование и обука и Правилник за начинот на распределба на средствата од сопствените приходи во државно средно училиште регионален центар за стручно образование и обука.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Зголемување на опфатот во стручното образование и обука"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Воведување стручна ориентација и услуги за кариерно советување и водство во сите училишта за СОО
   **Индикатор:** *Достапни прирачникот и неопходните алатки за професионална ориентација и услуги за кариерно советување и водство за сите училишта за СОО; Обучен најмалку еден вработен по училиште; Достапни прирачникот и неопходните алатки за професионална ориентација и услуги за кариерно советување и водство за сите училишта за СОО; Обучен училиштен тим за да дава услуги за професионална ориентација и кариерно советување и водство;Остручено лице за позиција кариерен советник.*

Законот за изменување на Законот за средното образование во кој се уредени кариерните советници е усвоен од Собранието на 08 април 2025 (Службен весник на РСМ, бр. 78 од 11.4.2025 година). Врз основа на Законот донесен е Правилник за начинот на кариерно советување и избор на кариерен советник на учениците бр.13-3853/4 од 10.6.2025г. (објавен на веб страната на МОН и доставен до сите средни училишта).

МОН изготви Регистар на кариерни советници односно база на податоци за кариерни советници во средните училишта (сите училишта определија кариерен советник), објавен на веб страната на МОН. Донесено е Упатство од БРО бр.02-1402/2 од 6.11.2025 за работа на кариерните советници во јавните средни училишта (објавено на веб страната на МОН и доставено до сите училишта). Во сите средни училишта формиран е тим за кариерно советување. Центарот за развој на стручно образование разви е-платформа на Водичот за квалификации која помага на учениците од основно образование за професионално и кариерно советување (во соработка со Хелветас). МОН ја обебеди хадрверската инфраструктура на која е поставена е-платформата.

Од страна на акредитиран понудувач на услуги, спроведена е следнава обука за стручни соработници и кариерни советници од средните училишта „Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците", Обуката е спроведена во месец октомври

и со неа се опфатени 486 стручни соработници и кариерни советници. Дополнително во месец ноември (13 и 14.11 за првата група и 17 и 18.11 за втората група) се спроведе уште една обука за кариерните советници од сите средни училишта во соработка со Асоцијацијата на кариерни соевтници (врз основа на потпишаниот меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Асоцијацијата)

2. Подобрување на системот за запишување во средно стручно образование
   **Индикатор:** *Во системот за СОО се запишуваат поголем број на ученици што подобро напредуваат во учењето*

Уписната политика за учебната 2025/2026 е креирана преку социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно", во соработка со општините и компаниите. Конкурсот за упис на ученици е објавен на 28.3.2025г. Во прилог на Конкурсот за упис на ученици во средно образование во учебната 2025/2026 година, објавена е и листа на институции и компании (1073) за учење преку работа. Запишани се вкупно 9.733 ученици во дуално образование во прва година средно стручно. За споредба во учебната 2024/2025 обезбедени се 7075 слободни места се 283 дуални паралелки, во учебната 2023/2024 отворени се 259 дуални паралелки, 2022/2023, 223 дуални паралелки, во учебната 2021/2022 беа отворени 97 а во учебната 2020/2021 имаше 11 паралелки.

Бројот на ученици запишани во прва година стручно образование споредено со општо образование во учебната 2025/2026 изнесува 68,5% (68% во учебната 2024/2025, 67,3 % во учебната 2023/2024, 69% во учебната 2022/2023 година, 67 % во учебната 2021/2022 и 64% во учебната 2020/2021).

Во учебната 2025/2026 година доделени се 1570 стипендии (во учебната 2024/2025 обезбедени се 1500 стипендии) за ученици запишани во паралелки во стручно образование во кои се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (дуално образование), 300 стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителство и туризам, шумарство и обработка на дрво, градежништво и геодезија, земјоделство-рибарство и ветеринарство, машинство и текстил, кожа и слични производи од јавните и приватните средни училишта и 152 стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење во јавните и средните училишта (тригодишно образование).

Изготвен е нов Закон за стручно образование и обука, во кој е подетално уредено учењето преку работа и дуалното стручно образование. Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025).

Врз основа на Законот, изработена е Концепција за стручно образование и истата е официјално донесена со Решение на министерката за образование и наука бр. 13-7244/4 од 27.5.2025г. (објавена на веб страната на МОН)

Врз основа на Законот за стручно образование и обука донесени се следниве подзаконски акти:

- Правилник за начинот на определување на координатор за практично образование бр.13-7745/1 од 2.6.2025г. (чија услога е соработка со компаниите). Правилникот е објавен на веб страната на МОН и доставен до сите средни стручни учиишта.
- Правилник за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција за реализација на учење преку работа кај работодавач и феријална практика, во установите за стручно образование и обука во кои што се изведува практично образование за учениците бр. 18-10965/1 од 6.8.2025г. (Службен весник бр.168/2025 од 11.8.2025г.)
- Правилник за начинот на поднесувањето и содржината на иницијативата, како и поблиските критериуми за давање мислење за иницијативата за дуално образование бр. 18-11060/1 од 8.8.2025г. (Службен весник бр.169/2025 од 12.8.2025г.)
- Правилник за содржината и формата на Изјавата за сериозност од работодавачот и упатство за нејзино пополнување бр.18-11124/1 од 11.8.2025г. објавен на веб страната на МОН
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практично образование бр. 18-12537/1 од 25.9.2025г. (Службен весник бр.200/2025 од 29.9.2025г.)
- Програма за обука на ментори за практично образование бр.13-16105/1 од 22.12.2025
- Правилник за начинот на реализацијата на обуката за обучувач на ментор, како и формата и содржината на сертификатот за завршена обука за обучувач на ментор бр.13-16104/1 од 22.12.2025
- Правилник за формата и содржината на договорот со кој се уредуваат правата и обврските на установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот бр. 13-16106/1 од 22.12.2025
- Правилник за начинот на вршење на стручниот надзор над работата на установите за стручно образование и обука и работодавачите, од страна на Центарот во делот на стручните предмети и практичното образование. бр. 13-16149/1 од 23.12.2025
- Правилник за начинот на реализацијата на обуката за ментор, утврдувањето на исполнетоста на нормативите и стандардите за организирање на обука за ментор, како и формата и содржината на сертификатот за завршена обука за ментор, бр. 18-16168/1 од 24.12.2025
- Правилник за стандарди и нормативи за акредитација на установа за специјалистичко образование бр. 13-16291/1 од 25.12.2025

Врз основа на Правилникот за начинот на определување на координатор за практично образование бр.13-7745/1 од 2.6.2025г. (чија услога е соработка со компаниите). средните стручни учиишта определија координатор за практично образование. Спроведена е обука за 75 ментори од јавни и научни установи за водење на учениците на практично образование (учење преку работа и феријална практика).

Од страна на Европската тренинг фондација изработена е Анализа/студија за учењето базирано на работа во земјата.

3. Редефинирање на матурските испити во средното стручно образование
   **Индикатор:** *Изработен нов Концепт за државна и стручна матура и завршни испити за ученици што завршуваат СОО*

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.) за прв пат е вграден концепт тоест одредби за воведување на државна и стручна матура и завршни испити за ученици што завршуваат СОО. Одредбите за полагањето на испитите од државна стручна матура, државна уметничка матура, училишна гимназиска матура, училишна стручна матура, училишна уметничка матура, завршен испит и меѓународна матура, ќе отпочнат да се применуваат од учебната 2025/2026 (мај 2026 г.)

Врз основа на законските одредби усвоена е Концепција за испити на крајот на средното образование, со Решение бр. бр.13-12804/3 од 10.10.2025 и донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попречености, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура бр. 18-15176/1 од 4.12.2025 (Сл.весник бр.246/2025 од 9.12.2025)
- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од училишна гимназиска матура, училишна стручна матура и училишна уметничка матура бр. 18-15872/1 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)
- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од завршниот испит во средното стручно образование бр. 18-15872/2 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)

На предлог на БРО и ДИЦ, од страна на министерката за образование и наука утврдени се испитните програми за државна стручна матура и државна уметничка матура од 5.12.2025г.

4. Учество на учениците од средните стручни училишта на меѓународните натпревари за вештини и друго
   **Индикатор:** *10 ученици учествуваат на меѓународни натпревари за вештини; 30 ученици учествуваат на други регионални и меѓународни натпревари*

Во 2025 година, апликацијата на Република Македонија (Центарот за развој на стручно образование) развиена со поддршка на Хелветас за членство во World Skills Europe – водечката европска платформа за извонреднот во вештини, е официјално прифатена. Делегација од WSE официјално ја посети земјата во текот на месец јули 2025г.

5. Воспоставување одржлив модел за обезбедување СОО за ученици од воспитно-поправните домови
   **Индикатор:** *Обезбедени се услови за вклучување на учениците од воспитно-поправните домови во стручното образование и обука*

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г.) за прв пат е даден основ за ослободување од плаќање на трошоците за вонредни ученици кои се упатени во воспитно-поправни установи и казнено поправни установи и кои образованието го стекнуваат по пат на полагање испити според наставен план, наставна програма и испитна програма во средното училиште. Со законот се додава нов член 4-а, со кој се уредува дека средното образование се организира и остварува и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови. Средно образование во казнено-поправни и воспитно-поправни установи, го реализира регионален центар за стручно образование и обука.

Врз основа на измените на Законот донесен е Правилник за начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови бр. 13-11883/1 од 4.9.2025 г.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на капацитетите на човечките ресурси"**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Воведување и операционализирање на систем за професионален развој и напредување во кариерата за наставниците
   **Индикатори**: *Професионалните компетенции на наставниците постојано се подобруваат; Наставниците се мотивирани да постигнуваат подобри резултати*

<u>Професионален развој:</u>
Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)

Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.).

Спроведени се следните обуки за наставниците:
„Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава", од страна на акредитираниот понудувач на услуга О3 ИНВЕСТ, Скопје. Обуката заврши во месец август (се спроведуваше јуни, јули и август) и со неа се опфатени 5.771 наставник (3.924 жени и 1.847 мажи) од средните училишта, и
„Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици". Обуката е целосно завршена (во месеците септември и октомври) и со истата се опфатени 5.732 наставника (3.729 жени и 2.003 мажи)

Спроведени се следните обуки за стручни соработници и кариерни советници:
„Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците", Обуката е спроведена во месец октомври и со неа се опфатени 486 стручни соработници и кариерни советници, и
Дополнително во месец ноември (13 и 14.11 за првата група и 17 и 18.11 за втората група) се спроведе уште една обука за кариерните советници од сите средни училишта во соработка со Асоцијацијата на кариерни соевтници (врз основа на потпишаниот меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Асоцијацијата)

<u>Кариерен развој:</u>
Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование во кој е уреден основот за подзаконските акти за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници при кариерен разој, е усвоен од Собранието на 08 април (Службен весник на РСМ, бр. 78 од 11.4.2025 година).

Врз основа на законските измени донесени се Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на наставниците во средните училишта бр.18-9121/1 од 30.6.2025 и Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на стручните соработници во средните училишта бр.18-9122/1 од 30.6.2025

На 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025 донесена е Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните

училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор (објавени во Службен весник бр.129/2025)

Донесен е нов Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за пријавување на наставниците и стручните соработници од 15 на 60 дена, објавени во Службен весник на РСМ бр.148 од 23.7.2025г.

Донесен е Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за изменување на Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за доставување на оценки и стручни мислења од БРО и училиштата од 30 на 60 дена (објавени во Службен весник на РСМ бр.263 од 26.12.2025г.)

Повиците се објавени на веб страната на МОН на 28.7.2025г. со рок на пријавување до 23.9.2025. Комисиите за проценување на апликациите и документацијата на кандидатите за наставник ментор и стручен соработник ментор завршија со разгледување и за кандидарите кои ги исполнија условите доставени се на мислење и оценка до БРО, ЦРСО и училиштата.

2. Целосно екипирање на стручните служби
   **Индикатор:** *Образованието и обуките се придружени со целосни стручни служби кои се неопходни за квалитетен процес на учење и развој на учениците*

Во учебната 2024/2025 година вработени се 2 лица, стручни соработници, по основ на ново финансирање во средните училишта: 1 специјален едукатор и рехабилитатор и 1 социолог.

## 5.ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ

**Постигнати резултати/исходи во 2025 година од спроведување на мерките и активности во Столб 5:**

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 од Столб 5 „Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики"**, предвидени се 3 мерки кои продолжија да се реализираат и во 2025 година:

1. Подобрување на механизмот за акредитација на универзитетите и системот за екстерна евалуација
2. Воспоставување интерна и екстерна евалуација на работата на органот/те за акредитација и евалуација
   **Индикатори:** *Обезбедување предуслови за ефикасна акредитација и евалуација на високото образование; Донесени се подзаконските акти; Органот/те за акредитација и евалуација е/се членка/и на ЕНКА*

Подзаконските акти се донесени во текот на 2022 и 2023 година.

Одборот за акредитација континуирано работеше и во 2025г. по поднесени барања за акредитација од страна на високо-образовните установи.

На 24.12.2024 на веб страната на МОН објавени се Конкурси на Агенцијата за квалитет во високото образование за избор на надворешни експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Македонија, со рок на пријавување до 13.1.2025г. На 27.5.2025 од страна на Агенцијата за квалитет објавен е повторен Конкурс за избор на студенти и Конкурс за избор на странски експерти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми со рок на пријавување до 27.6.2025г.

Од страна на МОН доставен е допис/известување до Агенцијата за квалитет/ Одбор за евалуација за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи.

Направена е измена на Правилникот за надворешна евалуација во одредбите кои се однесуваат на условите за надворешни евалуатори (правилникот се носи од страна на Националниот совет во согласност со министерот за образование)

Одборот за евалуација ја отпочна постапката за надворешна евалуација на високо-образовните установи. Избрани се шест високо-образовни установи. Од страна на Одборот формирани се стручни комисии и воспоставен е контакт со шесте ВОУ. Шесте ВОУ до Одборот ги доставија извештаите за самоевалуација.

Агенцијата за квалитет на високото образование е придружна членка на ЕНКА

3. Намалување на соодносот студент/наставник, со рок на импементација 2020-2025
   **Индикатор:** *Ревидирани правилата за број на запишани студенти на универзитетите; Формирани групи студенти според новите правила; Зголемување на бројот на наставен и соработнички кадар на универзитетите*

Од страна на Владата донесена е Одлука за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во учебната 2025/2026 година (Службен весник бр.125/25) и Одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во учебната 2025/2026 година (Службен весник бр.109/25)

Во текот на 2025 г. обезбедни се согласности за обезбедување на наставно-научен и соработнички кадар на високообразовните установи, согласно поднесените барања од високообразовните установи.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Унапредување на содржината во високото образование"** предвидени се 2 мерки со рок на реализација во 2020 година, од кои едната започна да се реализира а другата е реализирана во 2025 година:

1. Воспоставување систем на континуирана Трејсер студија на дипломираните
   **Индикатор:** *Законски дефинирани принципи на Трејсер студијата за оние кои завршуваат високо образование; Дефиниран оперативен систем на Трејсер студијата на дипломираните; Анализирани информациите од следењето на студентите за секоја претходна академска година*

Во рамки на PEIP проектот (финансиран со заем од Светска банка) спроведена е постапка и избрана е фирма изведувач за реализација на студијата (Услуги за прибирање на податоци за спроведување на трејсер студија за утврдување на вработливоста на студентите од јавните универзитети). Од страна на избраната фирма изведувач завршена е трејсер студијата за утврдување на вработливоста на студентите од јавните универзитети и доставен е Извештај до МОН. Доставена е анализа од страна на Стопанската комора на Македонија. Од страна на МОН изработена е детална анализа на потребите на пазарот на труд (врз основа на податоците од стопанска комора и АВРСМ), врз основа на што се утврдени квотите за упис на високо-образовните установи.

2. Воспоставување Опсерваторија на вештини
   **Индикатор:** *Институционализирана и целосно екипирана Опсерваторија на вештини*

Во предлог новиот Законот за високото образование е уредена Опсерваторија на вештини (воведен е законски основ за обработка на податоци потребни за опсерваторијата).

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на достапноста и системот за запишување во високото образование"**, предвидена е 1 мерки која треба да се реализира во периодот 2020-2025 година:

1. Подобрување на условите во студентските домови
   **Индикатор:** *Целосно обновени универзитетски студентски домови во сите градови со најмалку 50% од сите живеалишта*

Започната е втората фаза од реконструкцијата на студентскиот дом „Кузман Јосифовски – Питу" во Скопје. Продолжија активостите согласно утврдената динамика во склучениот договор кој предвидува заокружување на активностите во 2026 година.

Продолжија активностите и за реконструкцијата на СД „Стив Наумов", со рок на реализација во 2026 година.

Изработена е  тендерската документација за реконструкција на студентските домови од ЛОТ2 (СД „Никола Карев" Охрид, СД „Томе Стефановски Сениќ" Скопје, СД „Браќа Миладиновци" Штип и СД „Орде Чопела" Прилеп) и од ЛОТ3 (СД ,Кочо Рацин" Битола, СД „Пелагонија" Скопје и СД „Гоце Делчев" (кантина) Скопје).

На 8.7.2025г. потпишан е договор за грант со Германската развојна банка (преку Инвестициската рамка за Западен Балкан, односно преку Програмата за регионална енергетска ефикасност), во износ од  5,5 милиони евра за енергетски ефикасна обнова на државните студентски домови

На 10.12.2025 од страна на МФ во владина постапка доставен е Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2, по скратена постапка. Законот е усвоен на 83-та седница на Собранието одржана на 29.1.2026г. (Сл.весник бр. 20/2026 од 2.2.2026г.)

На 24.12.2025 објавени се јавни набавки за изработка на проектна документација и ревизија на проектна документација за дополна на основен проект за измени во тек на градба за Студентски дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово (согласно забелешките од Државен завод за ревизија)

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Подобрување на раководењето и финансирањето на високото образование"**, предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во 2020 година но истата продолжи да се реализира и во 2025 година:

1. Воведување нов систем за финансирање на високото образование заснован на индикатори за завршена работа
   **Индикатор:** *Оперативен механизам за финансирање на универзитетите заснован на бројот на студенти и индикатори за завршена работа*

Во рамки на Работната група за изработка на новиот Закон за високо образование се разгледува и прашањето за утврдување на нов модел за финансирање.

Имајќи предвид дека во јуни 2025 заврши мандатот на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност (кој треба да ја предложи новата формула за финансирање на високото-образование), спроведена е постапка за конституирање на новиот

состав на НС. Конститутивната седница на новиот состав на Националниот совет е одржана на 22.12.2025г.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 5 „Поддржување на истражувањата и иновациите"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Формирање институционален механизам за трипартитна соработка помеѓу државата – академијата – бизнис заедницата
   **Индикатори:** *Воспоставен Совет за наука, иновации и технологии; 10 истражувачки проекти се спроведуваат*

Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност е основан во 2021г. Имајќи предвид дека во јуни 2025 заврши мандатот на Националниот совет, спроведена е постапка за конституирање на новиот состав на НС. Конститутивната седница на новиот состав на Националниот совет е одржана на 22.12.2025г.

На 71-та седница на Владата одржана на 29.4.2025 усвоена е Информација за „Конкурс за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација)". По Конкурсот, одобрени се за финансирање пет проекти (во 2025 и 2026).

По однос на Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на Јавните научни установи за 2025 година, одобрени се за финансирање осум проекти (во 2025 и 2026).

По однос на Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/ научни институти/ МАНУ за 2025 година. одобрени/ прифатени се 45 проекти (10 проекти од области утврдени со Стратегијата за паметна специјализација, 15 проекти од подрачјето на природно-математички науки, инженерство и технологија, медицински и здравствени науки, земјоделски и ветеринарни науки, 15 проекти од подрачјето на општествени и хуманистички науки (во 2025 и 2026).

Спроведен е Конкурс за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународно научно списание со фактор на влијание (импакт фактор) во 2023 година (одобрени за финансирање се 301 труд), Конкурс за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународно научно списание со фактор на влијание (импакт фактор) во 2024 година (одобрени за финансирање се 303 труда), Конкурс за надомест на средства за објавени научни трудови во меѓународно научно списание со фактор на влијание (импакт фактор) за оние истражувачи кои платиле средства за објавување на трудот (одобрени и исплатени се 10 апликации), Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2025 година (прифатени се 15 пријави); Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни

собири за 2025 година (прифатени се 127 пријави) и Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2025 година (прифатени се 6 пријави).

Во 2025г. се спроведуваа 17те научно-истражувачки проекти во рамки на билатералната соработка со Австрија (двегодишни проекти одобрени за периодот 2024-2025 година). На 11.11.2025 заврши пријавувањето по Конкурсот за финансирање на заеднички научно-истражувачки проекти помеѓу Република Македонија и Република Австрија за периодот 2026 - 2028 година (примени се 18 апликации). На 11.12.2025г. објавен е Јавниот оглас за избор на независни рецензенти кои ќе ги рецензираат научно-истражувачките проект, со рок на доставување на апликации до 28.12.2025г.

2. Подобрување на механизмот за утврдување на приоритетни тематски области за истражување и иновации
   **Индикатор:** *Оперативен механизам за утврдување на приоритетни тематски области за истражување и иновации*

Стратегијата за паметна специјализација 2023-2027 со Акциски план 2024-2025 е усвоена/донесена на 207-та седница на Владата, одржана на 12.12.2023г. Согласно методологијата на Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија, детектирани се четири области во кои земјата има потенцијали за голем развој и кон кои треба да се насочи, а тоа се: паметно земјоделство и прехрамбена индустрија; информатичко - комуникациска индустрија; индустрија 4.0 каде спаѓаат електро - машинска, металопреработувачка и автомобилска индрустрија, и последната област е паметни објекти и материјали. Нотирано е дека треба да се вложува и во туризмот и во енергетиката како сегменти кои ги поврзуваат четирите области. За секоја од четирите области формирани се посебни работни групи, кои започнаа интерни дебати, со цел јакнење на меѓусебната доверба, промовирање на нови форми на соработка, детално скенирање на потенцијалните области за инвестирање и допрецизирање на најдобриот пристап за тоа како и што да се вложи во тие области.

Министерството за образование и наука и Здружениот истражувачки центар на Европската комисија во месец март 2025 потпишаа договор за соработка, со кој, Македонија ќе добие дополнителна поддршка за имплементација на Стратегијата за паметна специјализација во форма на експертиза и размена на позитивни практики, методологии и научни пристапи за јакнење на националниот систем за истражување и иновации.

Во текот на 2025г. реализирани се активностите предвидени со Акцискиот план 2024-2025г. Изработен е предлог Акциски план 2026-2027.

3. Засилување на истражувачката инфраструктура (центри на извонредност, забрзувачи, центри за трансфер на технологии) во одбрани универзитети
   **Индикатори**: *Акредитирани 24 лаборатории во јавни универзитети и опремени во согласност со побарувањата за висока технологија; Целосно оперативна Национална канцеларија за пренос на технологии; Дел од приватното финансирање мобилизирано*

*како процент на инвестициите на ФИТР во активности за иновација; Процент на корисници кои ги потпишале договорите за соработка меѓу претпријатијата и академската заедница; Број на компании во Акцелераторската програма на ФИТР; Постојан пристап на институциите коишто вршат истражување кон доследни извори на научни бази на податоци (на пр.Web of Science, Elsevier, Scopus, EBSCO)*

На 71-та седница на Владата одржана на 29.4.2025 усвоена е Информација за „Конкурс за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација)". По Конкурсот одобрени се за финансирање пет проекти (во 2025 и 2026).

По однос на Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/ научни институти/ МАНУ за 2025 година. одобрени/ прифатени се 45 проекти од кои 10 проекти од области утврдени со Стратегијата за паметна специјализација (во 2025 и 2026).

Во 2022г. МОН склучи нов петгодишен договор со EBSCO Publishing, за пристап до 14 бази на електронски научни списанија и информации со фактор на влијание кои вкупно опфаќаат над 57,000 списанија. Со тоа овие бази и списанија се достапни до државните универзитети и научни институти односно до научните работници и студентите од високообразовните институции и јавните научни установи во земјата, до 2027 година.

На 71-та седница на Владата, одржана на 29.4.2025г. усвоена е Информацијата за претплата на две реномирани бази на податоци: Web of Science и Scopus. На 77-та седница на Владата, одржана на 27.5.2025г. усвоена е Програма за измена на програма за научно-истражувачка дејност во која се уредни и претплатите на двете нови бази. Согласно ЗЈН спроведена е постапка за преговарање и склучени се договорите за пристап до двете бази.

Донесен е нов Закон за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво (Службен весник бр.194/2025 од 29.7.2025), согласно кој Фондот за иновации и технолошки развој се трансформираше во Агенција за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво.

## 6.УЧЕЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 „Зголемување на квалификациите на возрасните (знаења, вештини и компетенции)"**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат до 2025 година:

1. Воспоставување на системот за ВНИУ
   **Индикатори**: *Воспоставен системот за ВНИУ; Пилотиран системот на најмалку 3 квалификации со учество на најмалку 30 кандидати*

Донесен е нов Закон за образование на возрасни, со кој се уредува постапката за валидација на неформално и информално учење, усвоен на 28-та седница на Собранието (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025).

Донесени се сите подзаконски акти согласно новиот Закон кои ја уредуваат и постапката за спроведување на валидација на неформалното и информалното учење (ВНИУ):

- Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар оодветен за спроведување на процесот на валидација за конкретната квалификација бр.13-12313/2 од 22.9.2025
- Правилник за начинот на спроведувањето на обука за советници за валидација, односно обука за проценувачи на валидација и програмите за обука Правилник бр.13-12313/3 од 22.9.2025
- Правилник за начинот за проценка на знаењата, вештините и компетенциите стекнати низ процесот на валидација, која води до стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација бр. 18-12744/1 од 1.10.2025г.
- Правилник за формата и содржината на регистарот за акредитирани понудувачи на услуги за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење бр. 18-12806/1 од 3.10.2025 (Службен весник бр.208 од 9.10.2025)
- Правилник за формата и содржината на документацијата за учесниците кои се стекнале со сертификат за стручна квалификација преку процесот на валидација бр. 18-12807/1 од 3.10.2025 (Службен весник бр.208 од 9.10.2025)
- Правилник за формата и содржината на евиденцијата за лица кои преку процесот на валидација се стекнале со стручна квалификација бр.18-12808/1 од 3.10.2025 (Службен весник бр.208 од 9.10.2025)
- Правилник за начинот на акредитација на понудувачот на услуги за валидација, како и формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација бр. 18-13034/1 од 8.10.2025 (Службен весник бр.209 од 10.10.2025)
- Методологија за процесот на валидацијата за стекнување на стручна квалификација бр.13-16508/1 од 30.12.2025г.

2. Обезбедување поддршка за завршување на средното образование од страна на возрасните
   **Индикатори**: *Вклучени најмалку 1000 возрасни во средното образование*

Индикаторот е постигнат и надминат. Во средното стручно образование за возрасни се опфатени преку 4600 ученици (во општините: Чаир, Куманово, Прилеп, Сарај, Боговиње, Арачиново и Тетово).

Во месец октомври 2025 заврши процесот за оформување на средно стручно образование и доделени се дипломи на 100 лица од општина Боговиње, реализирано од средното училиште „Моша Пијаде" – Тетово, со поддршка од Центарот за образование на возрасни.

Врз основа на новиот Закон за образование на возрасни донесени се следниве подзаконски акти за формално образование на возрасни:

- Правилник за формата и содржината на договорот кој се склучува помеѓу установата или институцијата за образование на возрасните и учесникот (бр. 18-6718/1 од 8.5.2025)
- Правилник за начинот на акредитација на установа и институција за образование на возрасните, формата и содржината на образецот на барањето бр. 18-12743/2 од 1.10.2025г. (Службен весник бр.204 од 3.10.2025)
- Правилник за начинот на вршење на стручниот увид на реализација на програмите за формално образование на возрасните и стручен надзор на работата на понудувачите на услуги за образование на возрасните и на понудувачите на услуги за валидација бр. 18-12735/1 од 1.10.2025г.
- Правилник за начинот на акредитацијата на установите за формално образование на возрасните, формата и содржината на образецот на барањето за акредитација и потребната документација бр. 18-12779/1 од 3.10.2025г. (Службен весник бр.208 од 9.10.2025)

Од страна на УО на ЦОВ донесена е Одлука за висината на средствата за трошоците за верификација на посебната програмата на установата или институцијата за образование на

возрасните со бр,02-356/4 од 6.10.2025 и дадена е согласност од МОН со бр.13-12983/2 од 9.10.2025

На 3.10.2025г. на веб страната на ЦОВ објавен е Јавен повик за избор на стручни лица за членови на комисии за верификација на посебни програми за образование на возрасните и акредитација на установа/институција за образование на возрасните, со рок на пријавување до 31.12.2025г.

3. Зголемување на свеста за значењето и можностите на УОВ на сите нивоа во општеството
   **Индикатори**: *Изработен Концепт за подигање на свеста и залагање (работилници, форуми, летоци, медиуми, итн.) и договорен со клучните заинтересирани страни; Обезбедени најмалку 4 регионални и 1 национална кампања (годишно) за подигање на свеста и залагање со креаторите на политиките, работодавачите, давателите на услугии со различни категории на населението*

На 30.10.2025 потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Центарот за образование на возрасни и Агенцијата за вработување. Оваа соработка е важен чекор кон јакнење на возрасните преку образовни програми и можности за интеграција на пазарот на трудот.

Во рамки на Европската агенда за учење на возрасните во Северна Македонија, на 17.09.2025 година, Центарот за образование на возрасните беше домаќин на тркалезната маса на тема: „Иновативни средини за учење“ со цел да иницира дијалог и заедничко дејствување на локалните чинители од образовниот сектор за подобрување на постојните, и развивање на нови средини за учење кои се во склад со потребите на возрасните.

Дополнително, во периодот 19 – 21.09.2025 година, Центарот организираше обука наменети за наставниот кадар на верификуваните институции кои нудат посебни програми за неформално образование на возрасни, со цел да се зајакнат капацитетите на обучувачите за спроведување на квалитетна настава, со примена на модерни андрагошки методи во образовната работа со возрасни. Обуката на обучувачи се реализираше според програмата развиена од страна на Центарот за образование на возрасните.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2** „Подобрување на содржината и квалитетот на учењето и образованието на возрасни”, предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во 2020 година но истата продолжи да се реализира и во 2025 година, 1 мерка со рок на реализација 2022г. и 1 мерка со рок на реализација до 2025г.:

1. Ревидирање и поедноставување на процедурите за верификација на програмите за неформално образование на возрасни и за верификација на давателите на услуги
   **Индикатори**: *Одобрена и воведена ревидирана процедура за верификација на давателите на услуги на неформално учење на возрасни и спроведување на истото*

Врз основа на новиот Закон за образование на возрасни донесени се следниве подзаконски акти за неформално образование на возрасни:

- Правилник за форма и содржина на годишниот извештај на понудувачите на услуги за неформално образование на возрасните (бр. 18-6717/1 од 8.5.2025)
- Правилник за формата и содржината на договорот кој се склучува помеѓу установата или институцијата за образование на возрасните и учесникот (бр. 18-6718/1 од 8.5.2025)
- Правилник за начинот на вршење на стручниот надзор и стручниот увид над реализацијата на неформалното образование на возрасните кои ги врши Центарот бр. 18-12734/1 од 1.10.2025
- Правилник за начинот на акредитација на установа и институција за образование на возрасните, формата и содржината на образецот на барањето бр. 18-12743/2 од 1.10.2025г. (Службен весник бр.204 од 3.10.2025)
- Правилник за начинот на верификација на посебната програма, како и формата и содржината на образецот на барањето за верификација на посебната програма и потребната документација бр. 18-12743/3 од 1.10.2025г. (Службен весник бр.204 од 3.10.2025)
- Правилник за формата и содржината на регистарот за акредитирани установи и институции кои реализираат посебни програми бр. 18-12743/4 од 1.10.2025г. (Службен весник бр.204 од 3.10.2025)
- Правилник за начинот на водењето на евиденцијата, како и формата и содржината на документацијата и евиденцијата, за учесниците во посебните програми бр. 18-12809/1 од 3.10.2025 (Службен весник бр.208 од 9.10.2025)

2. Ревидирање и подобрување на процедурите за следење на спроведувањето на УОВ за возрасни, како и механизмите за екстерна проценка на квалитетот
   **Индикатори:** *Ревидиран систем на следење на квалитетот во УВО на возрасни со јасно дефинирани процедури*

Со новиот Закон за образование на возрасни (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025) со посебна глава се уредува „Обезбедување и осигурување на квалитет".

3. Операционализирање на Национален систем на обука за обучувачи за обучување на возрасни лица
   **Индикатори:** *Законски воведен систем за обука на обучувачи за обучување на возрасни лица; Официјално одобрени професионални стандарди и работни профили за обучувачи на возрасни лица; Усвоени програми за обука на обучувачите на возрасни лица; Најмалку 50 обучувачи за обучување на возрасни лица успешно ја завршиле обуката*

Сертифицирани се 18 обучувачи за возрасни

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со учењето и образованието на возрасни"** , предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат до 2025 година:

1. Подобрување на плановите за финансирање на образованието на возрасни лица
   **Индикатори**: *Посебна ставка за УОВ во државниот буџет со најмалку 1,5% од вкупниот буџет за образование*

Буџетот на Центарот за образование на возрасни за 2025г. изнесува 0.06 % од вкупниот буџет на МОН.

2. Подготвување основа за воведување на механизми за да се поттикнат работодавачите да инвестираат во образование и обука на возрасни лица
   **Индикатори**: *Обезбедена физибилити анализа за воспоставување на систем за поттикнувања на работодавачите (како и механизми за осигурување на обучуваните, осигурување на машините, механизми за снабдување на материјали за менторство и*

*обука) со цел да инвестираат во образованието и обуката на возрасните лица; Изготвени препораки и разгледани со сите клучни заинтересирани страни*

Од страна на МОН, на предлог на Центарот за образование на возрасни усвоена е Стратегија за образовние на возрасни 2025-2030, објавена на веб страната на МОН и Центарот.

## 7. ОПШТИ/ЗАЕДНИЧКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1 „Подобрување и усогласување на законската основа во образованието”** , предвидена е 1 мерка која треба да се реализира до 2025 година:

1. Ревизија, подобрување и усогласување на постојното законодавство во областа на образованието/ Анализа и поддршка за постепена трансформација на дел од специјалните училишта во ресурни центри/ Постепено воведување на диференциран пристап во наставата – прилагодување на наставата како одговор на учењето на учениците со посебни образовни потреби или на потребите за социјална грижа/ Развивање на ресурси за спроведување на диференцијален пристап за учениците со сериозни потешкотии во учењето и со интелектуална попреченост
   **Индикатори***: Нацрт Закони за измени на постојните закони поврзани со образование*

Во текот на 2025 година изготвени и утврдени се од страна на Владата и Собранието следните закони, во насока на ревизија, подобрување и усогласување на законодавството:

- нов Закон за образование на возрасни (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025.)
- нов Закон за стручно образование и обука (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025.)
- нов Закон за средно образование (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025.)
- нов Закон за учебници во основно и средно образование (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025.)
- нов Закон за Национална рамка на квалификации Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025.
- Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025, бр.47/2025 од 8.4.2025 и бр.250/2025 од 12.12.2025)
- Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025г., бр/132/2025 од 1.7.2025 и бр.250/2025 од 12.12.2025 )
- Нов Закон за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво (Службен весник бр.154/2025 од 29.7.2025г.)

Изработени се предлог нов Закон за високото образование, нов Закон за квалитет во високото образование и науката и нов Закон за научно-истражувачка дејност за кои во тек е јавна расправа.

Посебните основни училишта се целосно трансформирани во ресурсни центри. Завршена е постапката за ангажирање образовни асистенти за учебната 2025/2026 година. Ангажирани се 1346 асистенти (во учебната 2024/2025 беа ангажирани 1186, во учебната 2023/2024 беа

ангажирани 820, во учебната 2022/2023 беа ангажирани 720, а во учебната 2021/2022, 500 асистенти).

Посебните средни училишта се целосно трансформирани во ресурсни центри од учебната 2025/2026. Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование, државите училишта за ученици со попреченост продолжуваат со работа како државни средни училишта со ресурсен центар, од учебната 2025/2026 година. Врз основа на законските одредби одобрени се статутите на ДСУ„Димитар Влахов", ДСУ Искра, ДСУ „Наум Охридски" и ДСУ „Партение Зографски", со што овие четири училишта се трансформираа во училиште со ресурсен центар., почнувајќи од 1 септември 2025. Донесено е и Решение за реонизација на училиштата со ресурсни центри и редовните средни училишта.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование за прв пат е даден основ за ангажирање на образовни асистенти од страна на средните училишта со ресурсни центри, за ученици запишани во редовните средни училишта. Со ребалансот на буџетот (јули 2025), отворена е нова програма 37 за инклузивно средно образование и обезбедени се средства за образовни асистенти за средно образование за учебната 2025/2026. Поднесени се барањата за 150 согласности до МФ и истите се одобрени на 30.7.2025. Во јануари 2026 обезбедени се согласности за уште 11 нови образовани асистенти, а во февруари 2026 обезбедени сè уште 5 образовни асистенти.

Во секое училиште каде што е запишан ученик со попреченост согласно препораките на Комисијата за МКФ, формиран е инклузивен тим за ученикот и изготвен е ИОП или модифицирана програма согласно потребата на ученикот. Во сите училишта формирани се инклузивни тимови.

Зголемен е бројот на стипендии на ученици со попреченост вклучени во средното образование во учебната 2025/2026 година на 180 стипендии (доделени се 163 стипендии за учебната 2024/2025, 164 стипендии за учебната 2023/2024, 120 стипендии во учебната 2022/2023 година).

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2 „Подобрување на системот за прибирање статистички податоци и ЕМИС"**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година но истите продолжија да се реализираат и во 2025 година:

1. Ревидирање на структурата, содржината и механизмите за пристап до ЕМИС
   **Индикатори**: *Сеопфатен (во однос на покривањето на нивоата на образование) и целосно функционален ЕМИС, којшто содржи ажурирани и точни податоци, достапен на сите клучни заинтересирани страни авторизирани како корисници*

Во месец јануари 2025 (со почеток на второто полугодие) започна пилотирањето на новиот ЕМИС во шест училишта од различен тип (основно/средно/средно струно/ музичко/ училиште со ресурсен центар). Покрај училишните администратори дополнително се вклучени и наставници од овие училишта. Формирана беше работна група за следење на пилотирањето составена со претставници од МОН, БРО, ЦСОО, ДИЦ, ДПИ. . Спроведена е

обука за советнниците од БРО (90 советници), ЦСОО (10 советници) и за 30 инспектори од ДПИ. Работна група во рамки на БРО креираше Упатства за педагошка евиденција согласно функционалностите на новиот ЕМИС. За време на летниот распуст преземени се податоците од старите системи ЕМИС и е-дневник и целосно се мигрирани на новиот систем.

Развиен е посебен модул за училиштата со ресурсни центри за да бидат целосно вклучени во новиот систем (со поддршка на НВО „Отворете ги прозорците"). Развиен е модул за слободен изборен предмет согласно Водичот за слободни изборни предмети изработен од БРО, за да се почитува изборот на учениците. Развиен е модул за размена на податоци со Министерство за социјална политика, демографија и млади за размена на податоци кои се однесуваат на образовниот додаток. Развиен е сервис за преземање на податоци за вработени кои ќе се користата при издавање на согласности за старофинансирање на кадар во училиштата. Развиен е модул за пресметка на новата формула за финансирање на основното образование и новата формула за финансирање на средното образование.

**Од 1 септември 2025, во сите училишта воведен е новиот ЕМИС.** Спроведена е обука за користење на системот на секторите за основно и средно образование. Спроведена е дополнителна обука на училишните администратори и дополнителна обука за музичките училишта.

Вкупен број на внесени содржини евиденција на час: 7.842.437
Вкупен број на креирани распореди: 15.326
Вкупен број на запишани изостаноци 2.707.440
Вкупен број на регистрирани корисници 2.744.60
Вкупен број на успешни најавувања на порталот за родители: 1.364.775

2. Подобрување на официјалниот систем за прибирање статистички податоци
   **Индикатори**: *Потпишан Меморандум за соработка меѓу МОН и ДЗС; ДЗС ги користи административните податоци од ЕМИС за подготовка на официјалните образовни податоци; Објавените официјални податоци подготвени од ДЗС ги поддржуваат потребите за образовни податоци на МОН*

Мерката е целосно реализирана. Развиен е модулот/сервисот за размена на податоци со Државен завод за статистика во новиот ЕМИС.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3 „Обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката и дигитална писменост"**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020 - 2025 година:

1. Употреба на ИКТ во процесот на учење
   **Индикатори**: *Одобрени стандарди за користење ИКТ на сите нивоа на образование; Обезбедена потребна ИКТ опрема на барем 50% од јавните образовни институции; Развиен образовен софтвер за користење ИКТ според стандардите и обезбеден им е на корисниците; Обучени кадри од опремените институции за користење ИКТ во*

*образовниот процес; Подготовка на е-услуга за ученички апликации/запишување во средно училиште*

Во рамки на Националните стандарди за основно образование, развиени се стандарди за подрачјето Дигитална писменост (подрачје 4). Врз основа на Националните стандарди изработени се нови наставни програми од прво до осмо одделение кои етапно се воведуваат во настава. Наставните програми за седмо се воведени од учебната 2025/2026 година, а наставните програми за осмо ќе се воведат во учебната 2026/2027 година.

Алатката за online настава активно се користи од страна на училиштата (наставниците и учениците) согласно утврдените потреби, користејќи ги официјалните адреси (schools.mk на наставниците и учениците).

Спроведена е набавка на информатичка технологија и мрежна инфраструктура за нови 20 основни училишта, финансирани со заем од Светска банка и нови 22 училишта финансирани од буџетската сметка на МОН. Набавката вклучи безжични пристапни точки преку кои се овозможува интернет пристап во сите училници, кабинети, канцеларии, спортски сали и придружни објекти, заштитни firewall- уреди, кои гарантираат безбеден пристап, со тоа што истите се приклучени на централен систем за управување во МОН кој го контролира пристапот до содржините на интернет, оневозможувајќи отворање на веб сајтови што на глобално ниво се означени како страници со несоодветна содржина...

Спроведена е јавна набавка на ИТ опрема (компјутери, лаптопи, табли, принтери) за 38 основни училишта (со буџетски средства) и 3 средни училишта (регионалните центри во Куманово, Тетово и Охрид). Започната е јавна набавка за 4 средни училишта (регионалните центри во Велес, Струмица, Штип и Битола).

Дигиталните, интерактивни учебници за четврто, петто и шесто одделение се поставени на нова платформа (изработена со поддршка од Уницеф) и се користат од страна на училиштата. МОН спроведе јавна набавка за превентивно и адаптивно одржување на платформата за дигитални учебници. Платформата е надградена со цел нејзина достапност (достапност на ресурсите) на учениците со оштетен вид и поврзаност со читачот Кико.

Во соработка со Универзитетот Гоце Делчев изработен е Водич за вештачка интелигенција (наменет за наставниците и учениците). Водичот претставува основа за запознавање со вештачката интелигенција, принципите на работа на алатките базирани на вештачка интелигенција и можностите за нивна примена. Водичот е јавно промовиран на 5.9.2025 и доставен до сите училишта.

На 30.10.2025 МОН и Центарот за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје потпишаа меморандум за соработка кој предвидува искористување на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови за организирање на обуки за наставникот кадар, како и работилници за развој и примена на иновации во образованието со фокус на генеративната вештачка интелигенција. Согласно Меморандумот

над 700 наставника од основно образование беа обучени по 6 часа обука во 4 групи (од 20.11 до 23.12.2025 ). Наставниците се стекнаа со сертификат. Материјалите од обуките се споделени со сите училишта во насока на каскадно обучување на што поголем број на наставници.

Во периодот од 2.2.2026 до 11.2.2026 реализирани се обуки за генеративна вештачка интелигенција на 202 наставника, односно по двајца номинирани наставници од секое средно училиште, која ја спроведе Центарот за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, врз основа на склучениот Меморандум со МОН.

Завршено е истражувањето (врз основа на DigCompEdu). и доставен е финален извештај „*Анализа на дигиталните вештини на наставниците во основните училишта во Македонија*", во рамки на ПЕИП проектот. Извештајот ќе служи како основа за креирање на специфични приоритетни обуки за наставниците за дигитални вештини.

Е-услугите за ученички стипендии/ упис во средно образование активно се користеа и во 2025 година.

2. Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање, учење и методолошки ресурси
   **Индикатори**: *Достапна целосно оперативна е-платформа со ажурирани ресурси за настава и учење на кадарот во сите образовни нивоа, децата, учениците и студентите*

Алатката за online настава активно се користи од страна на училиштата (наставниците и учениците) согласно утврдените потреби, користејќи ги официјалните адреси (schools.mk на наставниците и учениците).

Дигиталните, интерактивни учебници за четврто, петто и шесто одделение се поставени на нова платформа (изработена со поддршка од Уницеф) и се користат од страна на училиштата. МОН спроведе јавна набавка за превентивно и адаптивно одржување на платформата за дигитални учебници. Платформата е надградена со цел нејзина достапност (достапност на ресурсите) на учениците со оштетен вид и поврзаност со читачот Кико.

3. Основање Математичко-информатичка гимназија (средно училиште) и/или ИКТ паралелки во неколку средни училишта специјализирана/и за компјутерски науки и математика
   **Индикатори**: *Оперативна Математичко-информатичка гимназија и/или ИКТ паралелки со постојан образовен процес за првата генерација ученици; Можност за зголемување на бројот на слободни места во гимназијата/паралелките секоја година, во согласност со зголемениот број баратели*

На 28.3.2025 објавен е Конкурсот за упис на ученици во средните училишта во учебната 2025/2026 година. Во Математичко-информатичката гимназија отворен е конкурс за прва

година за упис на 68 ученици во 2 паралелки (34 ученици во 1 паралелка со настава на македонски јазик и 34 ученици во 1 паралелка со настава на албански јазик).

На 19.11.2025г. објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на стипендии за ученици запишани во Математичко-информатичката гимназија за учебната 2025/2026 година. Доделени се вкупно 41 стипендија (во учебната 2024/2025 година доделени се 37 стипендии, во учебната 2023/2024 година доделени се 43 стипендии, во учебната 2022/2023 година доделени се 30 стипендии).

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4 „Зајакнување на социјалното партнерство и подобрување на дијалогот за образовните политики"**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат до 2025 година:

1. Воспоставување структура за социјално партнерство за образовниот сектор
   **Индикатори**: *Официјално вопоставен и целосно функционален Одбор за развивање образовни политики (ОРОП) со соодветна претставеност на социјалните партнери*

2. Развој на капацитетите на социјалните партнери за дијалог за образовните политики
   **Индикатори**: *Обучени членови на ОРОП и други релевантни претставници на јавни тела и организации и на социјалните партнери*

Формирано е Координативното тело за реформи во високото образование, кој го одржа првиот состанок на 6.11.2024. Претставници на Националното координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето учествуваа во изработка на новиот Закон за високото образование, Закон за квалитет во високото образование и науката и Законот за научно-истражувачка дејност.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 5 „Операционализација на МРК"**, предвидени се 4 мерки кои се реализирани во 2020 година.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 6 „Подобрување на капацитетите на националните институции и обезбедување мониторинг и евалуација на Стратегијата"**, предвидена е 1 мерка кои треба да се реализираат во периодот 2020 - 2025 година:

1. Мониторинг на процесот на спроведување на Стратегијата
   **Индикатори**: *Воспоставено и функционално тело за мониторинг и евалуација во МОН; Оперативен механизам на мониторинг на Стратегијата со должно вклучување на клучни заинтересирани страни заедно со социјалните партнери; Одлуки за прилагодувања потребни за остварување ефикасно и ефективно исполнување носени врз основа на редовен мониторинг*

Стратешкиот план на Министерството за образование и наука за 2025-2027 како и Годишниот план на Министерството за 2025г. се изработени врз основа на Стратегијата за образование 2018-2025. МОН изготвува редовни квартални извештаи за спроведување на Стратегијата и Годишниот план кои се споделуваат со сите сектори и органи во рамки на МОН, а извештаите

за спроведување на Годишниот план за работа на МОН се објавуваат на веб страната на министерството.

Извештајот за спроведување на Стратегијата за образование, за 2024 г. е исто така објавен на веб страната на МОН во месец март 2025г.